Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски Факултет – Скопје
Студиска програма: Психологија

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДИТЕЛСКО ОДНЕСУВАЊЕ, СОЦИОЕМОЦИОНАЛНА ПРИВРЗАНОСТ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И НЕАДАПТИВНИ КОГНИТИВНИ СТИЛОВИ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ ОД МАКЕДОНСКА И АЛБАНСКА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

***-Магистерски труд-***

Студент: Бљерта Љамалари
Бр.на индекс: 4766/14

Ментор: Проф. Д-р Ана Фрицханд

Скопје, 2019

**Содржина**


**Вовед-------------------------------------------------------------------------------------3**

**Теоретска позадина---------------------------------------------------------------5**

Современи теоретски пристапи за социјализацијата во семејството----------5

**Родителски стилови---------------------------------------------------------------7**

Кој родителски стил е најдобар?- Расни, културни, етнички разлики---------11

**Социоемоционална приврзаност за родителите-----------------------14**

Културата и социоемоционалната приврзаност за родителите----------------18

Адолесценцијата и социоемоционалната приврзаност за родителите-------20

**Неадаптивни когнитивни стилови----------------------------------------23**

**Релевантни истражувања-----------------------------------------------------35**

**Емпириски дел на истражувањето**

Истражувачки хипотези-----------------------------------------------------------40

**Метод**

Опис на примерокот и постапката-----------------------------------------------41

Техники на прибирање на податоците------------------------------------------43

**Резултати-------------------------------------------------------------------------47**

Дескирптивни показатели на варијаблите---------------------------------------47

Резултати од тестирање на хипотезите-----------------------------------------51

**Дискусија-------------------------------------------------------------------------88**

**Предности и слабости на истражувањето--------------------------------97**

**Резиме-----------------------------------------------------------------------------99**

**Summary--------------------------------------------------------------------------101**

**Користена литература------------------------------------------------------------103**

**Прилози**

Прилог I-------------------------------------------------------------------------109

Прилог II------------------------------------------------------------------------110

Прилог III-----------------------------------------------------------------------114

Прилог IV-----------------------------------------------------------------------118

## Вовед

Социјализацијата на човекот почнува уште од моментот кога тој се раѓа преку контактот со неговата мајка и другите блиски. Прво преку допир, насмевка, исполнување на базичните потреби, а потоа преку комуникација, имитација, моделирање, играње, детето почнува да го создава неговиот личен идентитет, особено преку градење на шеми на однесување и мислење кои ги применува во различни ситуации како одговор или реакција. Тие шеми во развојната психологија се дефинирани како когнитивни стилови кои можат да бидат позитивни или негативни.

Цел на ова истражување е да се отркие поврзаноста помеѓу перцепцијата на родителското однесување, социоемоционалната приврзаност за родителите и неадаптивните когнитвни стилови (кои во истражувањето се мерат со инструментот за рани маладаптивни шеми) кај адолесценти од македонска и албанска етничка припадност. Од целта на истражувањето произлегуваат следните истражувачки проблеми:

-Дали средношколците и студентите кои ги перципираат нивните родители како повеќе контролирачки и помалку грижливи, помалку контролирачки и помалку грижливи имаат повисока изразеност на раните маладаптивни шеми од средношколците и студентите кои ги перцепираат родителите како повеќе контролирачки и погрижливи и помалку контролирачки и погрижливи?

- Дали постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми помеѓу средношколците и студентите кои се несигурно приврзани за нивните родители и тие кои се сигурно приврзани?

-Дали постојат разлики во перцепирањето на родителското однесување кај средношколците од албанска етничка припадност и тие од македонска етничка припадност?

Мотивираноста за да се истражуваат наведените варијабли и проблеми поттекнува од неколку причини. Првично може да се истакне важноста и

заинтересираноста на истражувачката за семејството како првичен социјален и емоционален контакт и околина на личноста која значајно влијае врз неговото формирање и функционирање низ текот на животот. Земајќи го во предвид недостатокот на направени истражувања во нашата околина, но и пошироко, кои ги вклучуваат овие три варијабли мојот интерес се насочува кон тоа да се истражуваат гореднаведените проблеми.

Исто така, важно е да се истакне и вклученоста на етнички Македонци и Албанци во истражувањето што придонесува резултатите да бидат уште побогати и да се користат како помош во понатамошни истражувања, односно како споредба.

Во повеќето истажувања кои ги вклучуваат неадаптивните когнитвни шеми, тие повеќе се истражувани на клиничка популација (McGinn, Cukor, & Sanderson, 2005), што преставува уште еден мотив зошто е направено истражувањето.

Земајќи во предвид наведените цели, во првиот дел на трудот ќе бидат прикажани теории и концепти кои длабоко ги објаснуваат перцепцијата на родителскиот стил, социоемоционалната приврзаност кон родителите и неадаптивните когнитвни стилови. Во склоп на теориите ќе се споменат и направени истражувања како поткрепа на ова истражување но и како мотивација за истата, кои повеќето за жал се направени на популација надвор од Балканот.

Во вториот дел на истражувањето ќе се прикаже емпирискиот дел, односно нацртот на истражувањето, текот, користените инструменти и нивен опис, добиени резултати и тестирањето на хипотезите.

Во последниот дел на трудот, ќе се дискутира за добиените резултати, споредба помеѓу ова истражување со веќе направените и секако недостатоците или ограничувањата на овој труд со насоки за понатамошно подобрување.

## ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Семејството, заедно со врсниците, училиштето, медиумите претставуваат контекст во кој почнува социјализацијата на личноста, низ кои стандардите, вештините, ставовите, однесувањето на личноста се менува за да биде во хармонија со неговата сегашна и идна улога во општеството.

Семејството, според различни автори, се смета како високо влијателен контекст за социјализацијата, првин преку задоволување на базичните потреби а потоа и преку градење на одредени очекувања и вредности за тоа како една личност треба да се однесува (според Мурџева-Шкариќ, 2009).

### Современи теоретски пристапи за социјализацијата во семејството

Во литературата се наведуваат неколку теории за објаснување на социјализацијата во семејството:

- Системска теорија на Самероф (Sameroff, 1994; според Damon & Lerner, 2008), која го трансформира фокусот од родител-дете кон истакнување на семејството како социјален систем. Според оваа теорија потребно е да се препознае меѓузависноста помеѓу улогите и функциите на сите членови во семјетсвото. На пример, како што се менува улогата на мажот во семејството така треба да се следат и промените на женската улога во семејството а со тоа и промените во начинот на растење на детето.
- Според Минухин (Minuchin, 2002) членовите на семејството- мајката, таткото и децата влијаат едни на други директно и индиректно. На пример, татковците ја модифицираат и посредуваат индиректно во врската мајка-дете, а за возврат мајките влијаат индиректно врз нивните деца преку татковците преку менување и на квалитетот и на квантитетот на интеракцијата татко-дете. Децата можат индиректно да влијаат на врската маж-жена преку истакнување на однесувањето на еден родител, а тоа ја менува интеракцијата помеѓу сопружниците.
- Друга теорија го истакнува трансакцискиот модел на врски меѓу членовите на семејството. Прво развојните теоретичари биле водени од

унилатерални модели на врската родител-дете каде насоката на каузалноста била еднонасочна, односно од родителот кон детето. Улогата на детето била релативно пасивна, фокусот бил повеќе на личноста отколку на врската а моќта на врската била статична. Според Кузински (Kuczynski, 2003) проучувањето на семејните релации треба да биде двонасочна каде моќта на врските се карактеризира со „меѓузависна асиметрија„.

- Според Бронфенбренер (Bronfenbrenner, 1989) и неговата еколошка тероија, се дава значење на вграденоста на семејството во други социјални системи како и во културата во која живеат. Тука се вклучуваат и други вонсемејни кругови како што се пријатели, соседи, колеги од работа, социјални, образовни и медицински институции.
- Значајна промена е направена во однос на универзалноста на семејните теории. Како што повеќе се прават кроскултурални истражувања така станува се појасно дека генерализациите од една култура не можат да бидат валидни во друг културен контекст. Ова овозможува истражување на варијации во семејствата, и тоа не само во различни етнички групи туку и во самата група.
- Друга промена во истражувањето на семејните односи потекнува од Елдер, Хетерингтон и Кели (Elder, 1998; Hetherington & Kelly, 2001; според Damon & Lerner, 2008) каде акцент се става на влијанието на секуларните промени врз семјествата. Тука се спомнуваат намалување на фертилитетот и големината на семејството, промени на времето кога се почнува да се создава семејството, зголеменото учество на жената во работната сила, раст на стапката на развод, растот на семејства со еден родител и семејства со деца од повеќе бракови. Треба да се истакне дека ваквите наоди и промени повеќе се однесуваат на семејствата од западните земји, особено Америка.

## РОДИТЕЛСКИ СТИЛОВИ

Начинот на кој ние создаваме врска со нашите родители а и тие со нас претставува комплексен круг кој зависи од: начинот на кој нашите родители биле одгледувани од нивните родители и пошироко, нивниот досегашен живот (искуства, образование, трауми, социоекономски статус), самиот темперамент на детето. Всушност тоа е динамична и реципрочна врска помеѓу детето и родителот.

Истражувачите им даваат големо внимание и значење на ефектите на перцепирањето на родителското однесување, бидејќи е познато дека интеракцијата родител-дете е многу важна за психолошкото здравје во рана зрелост но и понатаму.

Според Боулби (Bowlby, 1969; според Berk, 2006) врската помеѓу оној што се грижи за детето и детето ги одредува чувствата за сигурност и помош преку формирање на внатрешни работни модели преку кои човекот формира очекувања за достапноста на луѓето кои се грижат за него и кои му даваат подршка во стресни ситуации. Овие модели понатаму се интегрираат во неговата личност и влијаат во идните врски (пријателстсво, романтични врски).

Баумринд (Baumrind, 1971; според Berk, 2006) идентификува четири родителски стилови според нивото на грижа и контрола:

- Авторитативно родителство- се карактеризира со високо прифаќање и висока контрола од родителите, кои ги исполнуваат потребите на детето. Ова е најздравиот начин на родителство. Тие деца кои ги перцепираат своите родители како авторитативни и имаат повисоко чувтсво на компетентност и самодоверба понатаму во животот.
- Авторитарното родителство вклучува ниско прифаќање и висока контрола. Овие родители ги отфрлаат нивните деца, но во исто време бараат многу од нив и очекуваат да бидат послушни без прашување.

  Децата кои растат во вакви семејства имаат тенденција да имаат ниска самодоверба и непријателско однесување.

- Пермисивно (попустливо) родителство- се карактеризира со високо прифаќање и ниска контрола. Ваквите деца имаат тенденција да бидат импулсивни и бунтовници и имаат ниска контрола.
- Незаинтресирано родителство- се карактеризира со ниско прифаќање и ниска контрола каде родителите се емоционално студени во однос на нивните деца , не давајќи им доволно грижа и правила заради различни причини: депресија, брачни проблеми, сиромаштија. Ова е најлошиот родителски стил кој може да резултира со потешкотии во емоционалниот, когнитвниот и социјалниот развој на детето.

Со цел подобро да се разберат родителските стилови кои што и одат во прилог на истражувачката теза, подолу ќе бидат објаснети екстремни, односно крајни димензии на родителска контрола (недостиг и претерана контрола) и родителска грижа (отрфлување и презаштитеност) споменати од неколку автори како Срна, Кимел и Вајнер, Кубуриќ (Srna, 1997, Kimmel & Weiner, 1985, Kuburić, 1994; според Mirović, 2008).

Недостиг на контрола/слаба контрола - родителска попустливост

Ваквите родители се карактеризираат со ниска толеранција, односно кога на нивното дете или адолесцент му е тешко или се соочува со некој проблем, со потешкотии или воопшто не им се обраќаат на родителите. Овие родители ги потсетуваат нивнте деца дека се доволно возрасни и дека треба да преземаат потполна одговорност за нивните одлуки и однесување, меѓутоа поставуваат многу слаби правила и граници. За разлика од авторитативните родители кои во текот на адолесценција истовремено и ги контролираат нивните деца на здрав начин но постепено и ги оставаат самостојно да одлучуваат, овие родители прерано им даваат слобода на нивните деца, особено земајќи го во предвид и времето кога децата се најмногу збунети за тоа што се случува околу нив.

Во ова група на родители исто така се ставаат и оние што на секој протест на детето реагираат со попуштање, сметајќи дека ако го кажат зборот НЕ, ги отфрлаат децата. Како резултат на ваквото однесување, децата се учат дека

ним се им е дозволено и на најмалата фрустрација реагираат многу интензивно.

Треба да се спомне дека во денешно време децата кои се воспитуваат со ваков родителски стил се многу популарни меѓу нивните врсници и всушност делумно уживаат во слободата која нивните родители им ја даваат. Но, сепак од друга страна кога се наоѓаат во некаква неволја истите ги доживуваат родителите како многу далечни, со неможност да им се обратат, па затоа преземаат акции кои се недоследни и неприфатливи и се додека не го решат проблемот не се откажуваат. Во одредени истражувања ваквиот стил на родителство се поврзува и со деликвенстноста кај децата.

Претерана контрола (родителска доминантност-рестриктивност)

За разлика од родителите со слаба контрола кои им даваат на децата претерана слобода, овие родители не ја препознаваат потребата на нивното дете за осамостојување и формирање на личен идентитет, и инсистираат на целосна послушност, мешајќи се во сите аспекти на животот на нивното дете (интимност, начин на облекување, ограничување на ноќни излегувања). Треба да се спомне дека навистина е тешко во адолесценција да се одреди граница кога на детето треба да му се даде можност самостојно да делува, а кога да се постави граница и контрола. Од претераната контрола се раѓа можноста децата да реагираат агресивно, а исто така се раѓа и омраза кон родителите и оддалечување од нив, честопати со прикривање и лажење (особено за тоа каде излегуваат, со кого се, што прават). Исто така ваквото однесување од страна на родителите ги тера децата на пасивност, субмисивност и неможност во иднина да ја прифатат и преземат улогата на возрасен човек.

Претерана грижа за детето (претерано заштитени деца)

Срна (Srna, 1997; според Mirović, 2008) тврди дека критериумите според кои одредено ниво на грижа се очекува, односно е нормална или претерана зависи од општествените, културолошките, историските, климатските, географските варијации. Сепак може да се каже дека претерана е онаа грижа која ја негува кај детето зависноста до таа мера што детето тешко одлучува за самостојни чекори.

Адолесцентите кои имаат ваква перцепција за родителскиот стил се до одредена мера слични на оние со родители со ниска контрола, само на различен начин. Овие деца уживаат во тоа што нивните родители им обавуваат сé и им ги решаваат сите проблеми и на некој начин ги оддалечуваат од било какви проблеми и неволји, што не им овозможува градење на сопствен идентитет и развој на способности и креативност.

Слаба грижа за детето (родителско отфлање)

Оваа група на родители ги карактеризира значајна индиферентност кон детето, незадоволување на потребите на детето, занемареност од секаков аспект, што доведува до тоа детето да заклучи дека не е доволно вредно за да добие внимание и љубов. Истражувањата на Алој и сор., (Alloy, Abramson, Safford & Gibb, 2006) покажуваат дека индиферентноста и отфрлањето понатаму во животот може да се појават како клучни причинители за депресија.

Теориската претпоставка на Ламборн и сор., (Lamborn, Mounts, Steinberg, Dornbusch 1991., според Mirović, 2008) објаснува дека облиците на родителскиот авторитет може да се набљудуваат низ обрасците барања, односно сето тоа што родителот го бара од детето и респонзивност (одговарање), односно сето тоа што родителите му го даваат на детето.

Во Табела број 1 се прикажани стиловите дефинирани од комбинацијата помеѓу барања и одговори.

Табела 1 – Четири стилови на родителство според Ламборн и сор., (Lamborn et al., според Mirović, 2008)

| Родителски стил | Висока грижа | Ниска грижа |
|---|---|---|
| Висока контрола | Авторитативен стил | Авторитарен |
| Ниска контрола | Попустлив стил | Незаинтересиран стил |

Опишаните родителски стилови преку екстремните крајности на контрола и грижа се ретки. Секој родител успева да создаде соодветна атмосфера преку која ги исполнува потребите на детето. На крајот, повеќето родители не се свесни за тоа каков родителски стил најмногу применуваат или како истиот да го подобрат. Не постои чист родителски стил. Во секоја возраст на детето, родителот применува еден стил најмногу, а особено е интересен периодот на адолесценција кога краткотрајно родителите шетаат од еден во друг екстрем, трудејќи се да ја најдат средината, па затоа и најмногу расправии и недоразбирања и мешани емоции постојат токму во овој период.

Кој родителски стил е најдобар- расни, културни, етнички разлики

Во психологијата, научните истражувања и наоди повеќе се засноваат на типичен американски човек, од бела раса, со среден социоекономски статус. Ваквите истражувања според Ли и сор., (Lee, Spencer & Harpalani, 2003) значително ја скратуваат можноста за генерализација и можноста за практични решенија и предизвикуваат незадоволство и протест помеѓу групите кои се малцинство во една држава. Иако модерната методологија во голема мера се обидува да се направат што е можно поразновидни истражувања, сепак првите доминираат.

Во продолжение ќе бидат прикажани неколку етнички групи и нивните карактеристики во семејството. Ваквите истражувања се направени во САД со етнички групи кои се малцинство. За жал,  вакви наоди беше невозможно да се најдат во нашето општестсво, па оттука и мотивираноста да се вклучат етнички Македонци и Албанци во истражувањето.

Африканско-американски семејства

Карактеристиките на африканско-американските семејства според Харисон и сор., Хатчет и Џексон (Harrison, Wilson, Pine, 1990 ; Hatchett & Jackson, 1993) вклучуваат: високо ниво на географска сличност (физичка блискост), силно чувство за семејството и семејните должности, флуидност на граници во домаќинството со голема волја да се вклучуваат и подалечни роднини, честа интеракција со роднините, чести излети со роднините, систем на взаемна помош.

Во овие семејства бабите и дедовците имаат многу можности да влијаат врз нивните внуци. Според истражувањето на Пирсон и сор., (Pearson, Hunter, Ensminger & Kellam, 1990) ваквите семејства се каракеризираат со мултигенерациско домаќинство каде прв негувател на детето е мајката, потоа бабата а потоа таткото, додека пак Толсон и Вилсон (Tolson & Wilson, 1990) нашле дека присуството на бабата во растот на децата го зголемува влијанието на морално-религиозниот аспект во домот.

Според Доџ и сор., (Dodge et al., 2005) адолесцентите од африканско-американски семејства ги опишуваат нивните родители како строги, ригидни и кои применуваат повеќе физичка дисциплина отколку вербална. Но, ваквиот однос кон децата е резултат на тоа што овие родители ги растат своите деца во ризични соседства со висока можност за вклучување на децата во антисоцијално однесување. Под вакви услови строгата послушност и авторитет се јавуваат како адаптивна стратегија која родителите ја одржуваат со физичка дисциплина.

Латино-американски семејства

Рамирез и Кастанеда (Ramirez & Castaneda, 1974) ги одвојуваат следниве карактеристики на Латино-американците: идентификација со семејството, комунитетот и етничката група, персонализација на интерперсоналните односи преку која се мотивира соработка а се обесхрабрува индивидуалното натпреварувачко однесување, статусот и улогата се засноваат на возраста и полот со што се очекува децата да бидат послушни кон родителите дури и кога се возрасни и имаат создадено свое семејство. Мажите се очекува да знаат повеќе за политика и бизнис а жените за грижа на децата, здравјето и едукацијата. Исто така и религијата има големо влијание врз Латино-американците преку која се чуваат и културните вредности како мир, соработка и себе-негирање.

СОЦИОЕМОЦИОНАЛНА ПРИВРЗАНОСТ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

Се чини дека емоциите најмногу се поврзуваат со тоа што човекот се обидува да го направи. Перцепцијата и интерпретацијата на настаните не е никогаш независна од дејствувањето што поединецот го извршува врз нив. Всушност настанот може да биде дефиниран како можност за делување, но не сите настани генерираат емоции. Тоа се случува само тогаш кога поединецот перципира дека има некаков исход. Врз основа на ова се предложува една работна дефиниција на емоциите која го истакнува дејствието, подготовката за делување и проценка за значајноста на трансакциите помеѓу личноста-околината. Според оваа дефиниција на Кампос, Франкел и Камрас (Campos, Frankel & Camras, 2004) емоциите се обид на човекот да формира, одржува или промени релации помеѓу него и променливите услови.

Едни од најзначајните теоретичари кои и први се обидувале да дадат објаснување за социоемоционалната приврзаност се авторите Боулби и Ејнсворт (Bowlby и Ainsworth; според Bretherton, 1992) кои тоа врзување го опишуваат како трајна психолошка врска помеѓу луѓето. Боулби го промени начинот на мислење кај луѓето во однос на врската што детето ја создава со мајката и вознемиреноста кога се случува разделба, депривација, загуба. Од друга страна, методолошката инвентивност на Ејнсворт не овозможи само тестирање на идеите на Боулби, туку и ја објаснува самата теорија, придонесувајќи за концептот на атачмент фигура како сигурна основа преку која детето го истражува светот. Таа исто така го заснова концептот за мајчинската чувствителност кон бебешките знаци и нејзината улога во развојот на мајка-дете шемите на поврзаност (според Bretherton, 1992).

Водејќи се од концептот на Фројд за значајноста на раните години од животот и нивното влијание врз понатамошниот развој, Боулби (Bowlby, 1988) доаѓа до заклучок дека за да израсне во ментално здрав човек „бебето или малото дете треба да искуси топла, интимна и постојана врска со неговата мајка (или друга личност која ја заменува мајката) каде и двајцата наоѓаат задоволство и исполнетост. Се гледа дека во неговата теорија тој големо значење и припишува на мајката. Според него, особено пред првата година од животот, татковците имаат свој придонес, но нивната улога е секундарна. Всушност нивната задача е емоционално да ги подржуваат нивните жени во мајчинството. Тој исто така ги презентира етиолошките концепти „знаци

стимулуси“ или „социјални ослободувачи“ кои предизвикуваат активирање или деактивирање на специфични одговори. Тие стимулуси можат да бидат надворешни или внатрешни концепти поради кои тој е критикуван за истакнување на бихевиоризмот бидејќи ги игнорира менталните феномени (Tingerberg, 1951; според Bretherton, 1992). Тој исто така го реформулира концептот за зависност истакнувајќи дека социоемоционалната приврзаност не е индикатив (причинител) за регресија, туку приврзаноста овозможува природна, здрава функционалност и во зрела доба.

Авторката Ејнсворт (Ainsworth, 1970) врз основа на истражувањето каде биле набљудувани деца од 12-18 месеци како реагираат во ситуација кога биле оставени сами а потоа соединети со нивните мајки, опишала три стилови на социоемоционално врзување:

Сигурна приврзаност
Амбивалентно (несигурно) приврзување
Избегнувачко (несигурно) приврзување

Потоа е додаден и четврт стил од авторите Мејн и Соломон (Main & Solomon, 1986; според Cherry, 2017) наречен неорганизирано приврзување.

Сигурна приврзаност

Децата кои се сигурно приврзани со нивните родители се карактеризираат со способност да се разделуваат од родителот, да бараат утеха од родителите кога се исплашени, со насмевка да ги пречекуваат нивните родители и ги преферираат нив наспроти други блиски лица. Тие стануваат вознемирени кога нивниот родител или лицето кое се грижи за нив ги остава и среќно одговараат кога пак се сретнуваат. Од друга страна родителите кои овозможуваат сигурна социоемоцонална приврзаност имаат тендеција повеќе да играат со своите деца, тие реагираат побрзо кон исполнување на потребите на нивното дете. Како што растат овие деца покажуваат помалку или никакво агресивно однесување, се поемпатични и позрели за разлика од децата со амбивалентно или избегнувачко приврзување. Како што растат, според

Харисон и сор., (Harrison et al., 1994) овие деца градат врски засновани на доверба што се долготрајни, имаат здрава самодоверба, се чувствуваат удобно кога ги делат нивните чувства со другите и кога имаат проблеми бараат социјална подршка.

Сепак, според авторите Хазан и Шавер (Hazan & Shaver 1994; според Cherry, 2013) сигурното социоемоционално приврзување не секогаш се случува. Според истите автори се покажува дека различни фактори придонесуваат за градење на друго приврзување како што е недостаток на мајчински одговор при исполнување на детските потреби особено во првата година од животот. На пример, мајките кои не се конзистетни во нивното одговарање на детските сигнали за јадење, спиење, утеха, играње, кои ги спречуваат детските активности, имаат тендеција да растат деца кои не се заинтересирани да истражуваат, деца кои плачат повеќе и се анксиозни, и на крај деца кои не сакаат контакт со други луѓе.

## Амбивалентно (несигурно) приврзување

Децата со амбивалентно приврзување, другите лица особено непознатите, ги гледаат сомнително, стануваат значајно вознемирени кога нивниот родител не е присутен и не се успокојуваат кога родителот се враќа. Дури во некои случаи тие пасивно го одбиваат родителот кој се труди да ги смири или покажуваат директна агресивност кон нив, според Ејнсворт и Боулби (Ainsworth & Bowlby, 1991). Наставниците овие деца постојано ги опишуваат како многу зависни од другите, со несигурност во нивното знаење (двоумење) и ниски постигнувања. И како возрасни овие деца не можат да засноваат и да одржат врски со другите, се грижат дека нивните родители или блиски не ги сакаат доволно и стануваат очајни па дури и депресивни кога одредена врска завршува.

## Избегнувачко (несигурно) приврзување

Децата со избегнувачко приврзување покажуваат тенденција да ги избегнуваат родителите или лицата кои се грижат за нив. Ова избегнување станува уште посилно ако родителот долго време не е присутен. Овие деца не одбиваат внимание и утеха од родителите за разлика од децата со амбивалентно приврзување, но ниту бараат контакт или нега. Битна одлика е дека овие деца не прават разлика помеѓу нивниот родител или тотално непознато лице кога треба да бираат кај кого да се насочат.

Како возрасни според Ејнсворт (Ainsworth, 1989), овие поединци имаат потешкотии во создавање на интимност и блиски врски. Тие не инвестираат во емоционалниот дел на врската и за разлика од амбиваленто приврзаните, покажуваат мала вознемиреност кога врската се губи. Ја избегнуваат интимноста преку наоѓање на причини, како на пример долго работно време или фантазираат за други луѓе при сексуален контакт. Всушност тие најчесто прифаќаат сексуален контакт со лица кои се непознати или кои сосема малку ги познаваат, каде не постои никаква емоционална приврзаност.

Неорганизирано приврзување

Децата со неорганизирано-несигурно социоемоционално приврзување покажуваат недостаток на јасно однесување. Нивното реагирање кон родителите или другите блиски е често мешавина на однесување, вклучувајќи одбивање или отпор. Тие често се однесуваат или збунето или загрижено во присуство на родителите.

Авторите Мејн и Соломон (Main & Solomon 1986; според Cherry, 2017) објаснуваат дека неконзистентното однесување од страна на родителите, недостатокот на јасни знаци од страна на родителите е тоа што ги прави и децата да реагираат на ист начин. Според нив родителите кои истовремено предизвикуваат кај детето страв но и комфор придонесуваат кон ваков стил на социоемоционална приврзаност.

Културата и социоемоционалната приврзаност

Истражувањата и теориските концепти кои и даваат важност на културата во формирањето на социоемоционалната приврзаност повеќе се насочени кон возрасните, анализирајќи го јазикот кој го користат, однесувањето, фацијалните експресии бидејќи овие категории кај децата сеуште се развиваат со голема брзина и не се јасни за проценка.

Еден начин како културата влијае врз детскиот емоционален развој е преку мајчинската селекција на интервенции за регулирање на социјални сигнали, вклучувајќи го плачот на бебето и начинот на кој се бори бебето со нешто. За оваа причина, тесното свивање на бебето во ќебе (swaddling) добило голем интерес од антрополозите како што е Уајтинг (Whiting, 1981). Во САД ваквата практика речиси не постои бидејќи се смета дека ја спречува слободата на движење и постои можност да продуцира непосакувани но и различни ефекти во формирањето на емоционални диспозиции како што е пасивноста, која не се вреднува во таквото општество.

Друг начин на кој се гради социоемоционалната приврзаност и за која постојат различни гледишта е спиењето заедно со детето. Според Абот (Abbott, 1992) заедничкото спиење претставува социјален механизам со кој длабоко се вкоренува приврзаноста низ животот преку создавање на силна мотивација да се остане блиску до родителот. Сепак во различни земји (САД) правило е децата и родителите да спијат во различни простории или пак во различни кревети, со што се овозможува детето да гради здрав начин на спиење, независен од родителите, кое потоа ќе се отсликува и во други апсекти на животот: училишни постигнувања, градење на здрава романтична врска и др. Освен спиењето, и физичката активност и позиционирањето на детето играат голема улога во начинот на кој се гради атачментот. Пример за тоа се споредбите помеѓу американците и гуси децата (Gussi infants) каде што вторите се повеќе експонирани на посилна светлина, погрубо држење од американците со што го надминуваат стравот на возраст од 3-4 месеци за разлика од американците според Кифер, Диксон, Троник и Бразелтон (Keefer, Dixon, Tronick & Brazelton, 1991).

Освен едноставните практики кои влијаат на начинот на кој се гради социоемоционалното приврзување, важно влијание има и изложувањето на

настани. Ова се објаснува преку тоа што емоционалните реакции не се одредени само од трансакциите кои заземаат место во сегашноста туку и од историјата на претходните генерации кои се соочиле со сличен настан во минатото, со што се гради еден механизам на адаптација на ниво на искуство. Во зависност од тоа колку е различен настанот од нивото на искуство кое е вградено во менталноста детето ќе покаже интензивно, средно или слабо емоционално реагирање. Ваквото објаснување се поткрепува и со истражувања направени во Германија, Јапонија и Израел. Во Германија, според Гросман и сор., (Grossmann , Grossman, Huber & Warntner, 1981) децата се често оставени надвор од продавницата или сами дома кога мајката оди да купува нешто набрзина. Оваа шема на изложување (ниво на адаптација) на самотија прави во истражувањата за приврзаност разделбата да не биде мерка на тоа дали детето е сигурно приврзано со мајката. Ова се покажува и во истражувањето на Ејнсворт (Ainsworth, 1970) каде децата не покажуваат големо внимание и радост кога мајката се враќа во просторијата после одредено време.

Во Јапонија според Мијаке, Чен и Кампос (Miyake, Chen & Campos, 1985) постои сосема друг систем на вредности. Тука мајката сака и бара постојана блискост со детето, а бебиситерството е ретка практика, или пак се извршува од бабите/дедовците. Како резултат на ова, Јапонците имаат ретки разделби со мајките, и во направените истражувања кога детето се остава со странец, тоа покажува висока вознемиреност и тешко се смирува кога мајката се враќа, од што пак не може да се заклучи дека детето е амбивалентно приврзано со мајката.

Во Израел, земја со историја на неочекувани војни, терористички напади, се развива силна ксенофобија (одбивност, отфрлање на други лица, нации). Родителите ги гледаат странците сомнително и не им е дозволено да се приближуваат до нивните деца. Како резултат на ова според Ијзендорн, во истражувањата за социоемоционала приврзаност, кога странец влегува во просторијата детето бега и покажува голем страв (Ijzendoorn, 1994) .

Влијанието на културата се гледа и во начинот на комуникација со детето. Во некои култури е дозволено и нормално да се зборува со висок тон на гласот

пратен со многу гестикулации, додека во други се очекува зборување со тивок глас и смиреност (Briggs, 1970). Ваквата споредба се прави помеѓу јапонските мајки и американските. Во Јапонија, емоционалната клима се заснова на мека вокализација, малку вербализација и нежно допирање и милување на детето. Ваквото однесување се поврзува и со јапонските вредноси на хармонија и смиреност во домот. За да се продолжат тие вредности , мајките имаат задача да го држат волуменот на комуникација ниско и што е можно помалку да го оставаат детето да плаче. Мајките комуницираат повеќе со допир со детето отколку со вербализација. Ваквата практика е спротивна на американските мајки кои го мотивираат детето повеќе да зборува и ако детето е хрането, доволно топло облечено, наспано и ако плаче тогаш не му се дава внимание и се остава да плаче се додека сам не се смири (selfsoothing).

Адолесценција и социоемоционална приврзаност

Адолесценцијата претставува период кога се случуваат големи промени во физичкиот изглед, емоционалниот, когнитивниот, социјалниот аспект. Поточно, во овој период адолесцентите градат чувство за себе и свој идентитет, разбирање за тоа кои се и кои сакаат да бидат. Ваквите обиди се подложни на влијанијата од врските со родителите и врсниците, приврзаности кои стануваат многу комплексни.

Дури и ако постои сигурна база на социоемоционална приврзаност и хармоничност помеѓу односите со детето и родителите, сепак во ова време и таа сигурна основа е подложна на промена, исполнета со страв, конфликти, желба за автономија но и желба да се има потпора според Денам (Denham, 1998). Како што изјавува еден типичен адолесцент: „Јас сум подвижна контрадикција. Јас сум срамежлив но и отворен, пријатен но некогаш сакам да бидам и безобразен. Не знам што сакам да правам со мојот живот. Сакам да одам во колец, но не сакам да се разделам од пријателите. Мислам дека треба да се заштити местото каде што си пораснал, но исто така сакам да внесам промена во светот. Но, што значи тоа за мене? Мислам дека сеуште сум во процес на сфаќање“ - според Кутер (Kuther, 2012). Ваквата изјава покажува колку двоумење и емоционална разновидност постои. Ваквата состојба се

одразува и кај самите родителите, кои исто така се обидуваат да ги сфатат нивните деца адолесценти, но во исто време сакаат да ги држат на сигурно блиску до нив. Како што адолесцентите го менуваат нивното однесување, така тоа се одразува и во социоемоционалната приврзаност со родителите.

Изгледа дека адолесцентите врзувањето за родителите повеќе ја гледаат како врска која ги ограничува отколку како врска која им дава подлога и сигурност. Сепак, истражувањата покажуваат дека таа желба да се биде што е можно понезависен од родителите нема да има негативно влијание во врската родител-дете, туку тоа е здрава постапка која се случува само во семејства каде веќе е формирано сигурно врзување и независноста е само уште еден доказ дека таа сигурност ќе опстои и понатаму (според Kobak, Abbott, Zisk & Bounoua, 2017)

Блискоста со врсниците во адолесценција

Врските со врсниците според Лаурсен и Буковски (Laursen & Bukowski, 1997; според Campione-Barr, 2017) се разликуваат од семејните во однос на дистрибуцијата на моќ помеѓу членовите на групата и времетраењето и припадноста во групата. Овие врски се дефинираат како доброволни и транзиторни, бидејќи врската трае се додека и двете страни чувствуваат задоволство и имаат некаков придонес.

Адолесцентите вообичаено припаѓаат на некоја клика (мала мрежа на пријатели кои делат исти интереси или активности) или толпа (група сочинета од поединци кои делат иста репутација, ставови, интереси и однесувања). Според Едер кликите се особено важни за формирање на индивидуалниот социјален статус во социјалната хиерархија во средно училиште (Eder, 1985). Тука од особена важност е воспоставената врска со родителите порано во животот. Адолесцените кои се сигурно социоемоционално приврзани, кои се чувствуваат посамоуверени во нивниот идентитет, им даваат помала важност на толпите, што е особено важно ако толпата се подготвува за деликвентно и агресивно однесување.

Освен врските со пријателите, нормативен дел од адолесценцијата станувaaт и романтичните врски. Романтичните чувства најмногу се должат на хормноските промени. Сепак новите истражувања покажуваат дека важноста на романтичните врски и сексуалноста исто така се под влијание на културата од каде потекнува поединецот. Според Коноли и сор., (Connolly, Furman & Konarski, 2000) адолесцентите ја гледаат романтичната врска како централен услов за да се биде дел од една група или да се има статус во групата.

И во однос на романтичните врски доаѓа до израз поставената емоционална приврзаност со родителите и блискоста со нив. Адолесцентите кои се растени со несигурно приврзување ја гледаат романтичната врска како можност да бидат сакани и прифатени, но и да прифатат сé (жртвување, насилство) само да не бидат отфлени од врската, што уште повеќе ја влошува емоционалната состојба.

НЕАДАПТИВНИ КОГНИТИВНИ СТИЛОВИ-Рани маладаптивни шеми

Когнитивните шеми се значајни теоретски концепти во когнитивната теорија на Бек (Beck, 1976; според Mirović, 2008) каде се објаснуваат како корени на развојот на психолошки проблеми и одржување и влошување на растројства. Сепак когнитивните бихевиорални теории и терапии најмногу се фокусираат на намалување на симптомите и помагање на клиентите во учење на вештини за решавање на постоечките проблеми, што не било соодветно за индивидуи кои немаат јасно дефиниран проблем, како што се растројства на личноста. Тоа го доведува авторот Џефри Јанг (Jeffry Young, 2003) кон воведување на теорија и нова пракса за таа категорија на луѓе, а исто така помагајќи им и на индивидуи од неклиничка популација.

Интегрирајќи ја Бековата когнитивна теорија, теоријата за атачмент на Боулби, психоаналитичката перспектива и гешталт психологија, ја развил теоријата за шемите, каде можел да идентификува хронични проблеми во значајни структури наречени рани маладаптивни шеми.

Јанг (Young, 2003, според Hadzič & Mirović, 2015) ги дефинира неадаптивните когнтивини стилови (маладапатвини шеми) како широки, первазивни шеми во однос на себеси и во однос на врската што личноста ја има со другите. Тие се често поврзани со сликата за себе и сликата за светот и за нашето опкружување. Според него, шемите се когнитвини структури за скрининг, кодирање и евалуација на стимулусите кои му се наметнуваат на организмот. Шемите произлегуваат од раните искуства, од температментот и од културните влијанија. Се развиваат за време на детството, но продолжуваат да бидат елаборирани низ целиот живот, односно остануваат стабилни.

Јанг и сор (Young et al., 2003; според Hadzič & Mirović, 2015) ги наведуваат следниве пет карактеристики на шемите:

-Повеќето РМШ се безусловни верувања за себе во однос на околината. Тие претставуваат целосна вистина и се земаат здраво за готово.

-Шемите вообичаено функционираат суптилно, без наша свесност за нив, но можат да се препознаат ако се повторува ист вид на ситуација што иницира иста реакција, често претерана.

-Колку што е поизразена шемата, толку повеќе ќе има ситуации во кои ќе се активира, односно шемите активираат ситуации и средини кои се во склоп со нив.

-Шемите се самоодржувачки, а како такви се многу отпорни на промена. Бидејќи се формирани рано во животот, тие ја сочинуваат сржта на сликата за себе и светот околу нас. Луѓето често ја искривуваат реалноста за да ја сочуваат вистинитоста на шемата.

-РМШ се резултат на дисфункционални искуства со родителите, со браќата и сестрите, врсниците во првите години од животот. Главно не се резултат на трауматски настани, туку последица на трајни лоши искуства кои кумулативно ја поткрепуваат шемата.

Како се раѓаат шемите?- поврзаност со стресни и трауматски искуства

Според Јанг (Young, 2003; според Hadzič & Mirović, 2015) освен темпераментот и трауматските искуства, многу важен фактор во настанувањето на шемите се раните негативни искуства со родителите. Јанг (Young, 1993) вели дека постои паралела помеѓу тоа што личноста го почувствувала како дете и тоа што го доживувала (како возрасен) секогаш кога шемата се активира. Тоа се случува кога семејното опкружување генерира едно од четирите типа на стресни трауматски искуства. Првиот и најважен тип се нарекува „токсична фрустрација на базичните потреби”, односно кога на детето му се оневозможени поврзаност, прифаќање, здрава автономија, реалистични очекувања (Louis & McDonald Louis, 2015).

Вториот вид на таквите искуства се нарекува „трауматизација или виктимизација“- детето било злоупотребувано од родителите или блиски луѓе. Третиот вид настанува кога детето го доживува родителот како „претерано добар“, односно кога родителите му овозможуваат на детето нешто премногу, а според нив доволно и на таков начин децата се чувствуваат премногу заштитени, без можност за сопствен живот и одредување лични граници. На крајот, се рангира животното искуство „селективна интернализација или

идентификација". Ова значи дека детето селективно се идентификува со родителите и ги присвојува нивните мисли, ставови, однесувања, чувства.

Треба да се спомне дека не секое трауматско искуство доведува до раѓање на шемите. Како што е спомнато, темпераментот, но и низа други фактори придонесуваат во нивно појавување и зошто некои поединци се имуни на ризична средина. Тоа може да се објасни преку Феноменологијата и Теоријата на еколошки системи (Phenomenology and Ecological Systems Theory-PVEST), како концепт на многу автори: Баркер, Рајт, Бронфербренер, Уолвил (Barker, Wright, Bronferbrener, Wollwill 1940-1970, според Damon & Lerner, 2008). Ова теорија ја претставува инклузивната и процесно ориентираната рамка на човековиот развој. Таа ги зема предвид разновидните индивидуално-контекстуални интеракции како влијатели на изворите и патиштата на продуктивни и помалку продуктивни стратегии за справување. Феноменолошката теорија и теоријата на еколошки системи ги анализираат различните извори и патишта кои не се така сјајни (животни искуства) но кои на крајот придонесуваат за изразеност на позитивни резултати, односно резултати добиени од услови на постојана нееднаквост и неправда. Сржта на оваа теорија е перспективата на Антони (Anthony 1974, 1987) според која сите луѓе се ранливи, но кај секој подеинец постојат заштитни фактори кои служат за балансирање на влијанието на ризичните фактори. Тоа објаснува зошто некои поединци и покрај изложеноста на постојана злоупотреба, неприфатеност, неисполнетост на различни потреби, сепак како возрасни се однесуваат зрело и здраво, и успеваат на продуктивен начин да го насочат нивното негативно искуство како деца и адолесценти.

ПОДЕЛБА НА РАНИТЕ МАЛАДАПТИВНИ ШЕМИ

Постојат вкупно 15 шеми кои авторот ги категоризира во пет домени, но во истражувањето е користена поделбата на Мировиќ (Mirović, 2008) од три домени: дисконекција, оштетена автономија, и оштетување на граница. Оваа поделба е користена за подобра можност за споредување со резултати добиени во регионот.

Домен Неповрзаност"- според Јанг тука се објаснува очекувањето на личноста дека нејзините потреби за сигурност, безбедност, емпатија, нега, прифаќање нема да бидат задоволени на стабилен и предвидлив начин (Young, 2003; според Hadzič & Mirović, 2015). Во овој домен спаѓаат долунаведените шеми:

*Емоционална депривација*- луѓето со емоционална депривација имаат чувство дека другите не одговараат на нивните потреби со топлина, внимание, подршка, и често се сомневаат дека другите би можеле да ги разбират и прифаќаат. Исто така имаат чувство на празнина во себе, но не можат да одредат што им недостасува. Резултат на ова е тоа што оваа шема се раѓа уште кога детето не зборува и поради тоа овие поединци имаат проблем со вербализација и дефинирање на мислите кои се во директна врска со искуството од кое произлегува шемата. Според Јанг и Клоско (Young & Klosko, 1993) шемата се надоврзува со следниве стресни искуства: мајката била студена, (не го држела детето доволно покрај себе), не му обрнувала доволно внимание и време, не го смирувала детето на адекватен начин и детето никогаш не научило само да се смири, но и да не прифати помош од други, детето растело без чувство дека е сакано, вредно и посакувано, со него немало кој да раководи и да го насочи, родителите биле физички и емоционално неприсутни во животот на детето.

*Напуштање*-луѓето кај кои е изразена ова шема се опишуваат како емоционално нестабилни и непредвидливи заради тоа што веруваат дека врската што ја имаат со другите луѓе може во секој момент да биде прекината и да бидат отфрлени. Резултат на развивање на оваа шема се смета дека е разводот на родителите, често преселување од едно во друго место, со кое се

оневозможува градење на врски кои ќе траат, трауматско искуство на детето кога тргнува на училиште. Други фактори како трауматски искуства се: детето е сместено во интернат уште од мали години, детето било одвоено од родителите долго време заради други причини (болест, работни обврски), мајката страдала од депресивни симптоми и постојано покажувала гнев кон детето, формирање на нови семејства (нов брак) на родителите и раѓање други деца.

*Недоверба/злоупотреба*-ваквите личности постојано се во двоумење во однос на другите, верувајќи дека другите само ги лажат, ги манипулираат, понижуваат. Тие често ги тестираат луѓето за да дознаат дали се вредни за нивната доверба. Заради ова сомневање нив ги карактеризира параноја, избегнување на интимност и отварање пред другите. Понекогаш дури и ги малтретираат другите само за да спречат (според нив) да бидат сами злоставувани. Причини за раѓање на оваа шема се: детето било вербално, физички/сексуално злоупотребувано од родителите, роднини, учител и др., блиските постојано го понижувале детето, а никој не го заштитил, детето било изложено на насилство дома и во училиште, детето се присилува да работи под притисок, казна, родителот постојано го предупредувало детето да не му верува никому освен на семејството според Јанг и Клоско и Луис и Мекдоналд Луис (Young & Klosko, 1993; Louis & McDonald Louis, 2015).

*Социјална изолација/отуѓување*- поединците кај кои е изразена оваа шема се чувствуваат осамени затоа што сметаат дека се инфериорни и различни во однос на луѓето околу нив. Тие секогаш се држат до разликите а никогаш до сличностите помеѓу нив и луѓето и често имаат чувство дека не припаѓаат во ниедна група. Ваквиот концепт ги прави да избегнуваат да бидат тоа што се и да не се опуштаат пред другите. Ним им е многу важно што другите мислат за нив и се обидуваат да избегнуваат критики и процена од другите. Како причини на изразеноста на оваа шема се споменуваат следниве трауматски искуства: родителите постојано го критикувале детето за неговиот изглед, однесување и неговото друштво, детето имало талент или пак некоја негативна особина што го разликувало од другите, детето било исмејувано од врсниците заради некоја физичка особина (дебелина, акни), или заради слаби оценки,

заради претерано учење (бубалица), детето е присвоено, болно, односно различно од неговата околина.

*Дефектност/критицизам-* поединците со оваа шема веруваат дека се дефектни, безвредни и инфериорни во однос на битни аспекти од животот и заради тоа никој не може да ги засака. Често не се способни да дефинираат што е тоа што „не чини“ со нив, но сепак имаат некакво чувство дека има нешто погрешно во нив. Овие поединци постојано живеат под стрес дека некој ќе ја открие таа нивна „дефектност“ и ги сокриваат нивните мани, избегнуваат контакт и искреност со другите. Тие дозволуваат да бидат искористени и малтретирани бидејќи се чувствуваат многу несигруно во друштво, особено со лица со висока самодоверба или агресивни лица. Како стресни искуства кои се поврзуваат со шемата дефектност се набројуваат: некој во семејеството бил силен критичар кон детето, многу барал од него и го казнувал, детето било „црна овца“-за се лошо што се случило било обвинувано, детето било обвинувано затоа што еден од родителите го напуштил семејството или воопшто за брачните проблеми.

Домен „Оштетена автономија“- во овој домен спаѓаат шемите кои се однесуваат на доживувањето дека не може да се биде одвоен или да се функционира одвоен/независен од другите. Во овој домен спаѓаат наведените шеми подолу:

*Неможност за постигнување*: Поединците кај кои е развиена оваа шема веруваат дека секогаш ќе бидат помалку успешни, без разлика на тоа колку се трудат, па често и не се обидуваат нешто да променат. На такова начин, неуспехот станува нивна реалност, бидејќи уште на почетокот се откажуваат. Се карактеризираат со недостиг на мотивација, пропуштање на прилики кои овозможуваат развој во одреден аспект на животот, работат со половина сила и избегнуваат обврски. Некогаш тоа го прават јавно а некогаш го прикриваат, односно делуваат како да се трудат да работат, но лесно им се привлекува вниманието кон нешто друго. Постојат и такви поединци кои преку голем труд и работа компензираат нешто друго, и секогаш се незадоволни, без разлика што и да постигнат. Како стресни искуства кои се надоврзуваат со оваа шема се спомнуваат: родителите (најчесто таткото) премногу бара од детето особено

кога е во прашање училиштето, или го тераат детето да покаже успех во области каде тој не покажува интерес или нема талент. Ако детето не успева да постигне тие го нарекуваат глупав, неспособен. Детето чувствува дека никогаш нема да го постигне успехот на родителите и престанува да се труди, се става во негативен облик на натпреварување со браќата и сестрите и мисли дека не може да се споредува со нивниот успех. Родителите на овие деца покажувале попустлив стил и никогаш не поставувале конкретна дисциплина и задачи за да учи детето и да развие вештини.

*Зависност/некомпетентност-* Луѓето со оваа шема доживуваат дека се беспомошни и дека немаат вештини да се соочат со секојдневните обрвски и задачи. Ваквата беспомошност ги тера да станат нефункционални или пак стануваат товар на некое друго лице. Колку понесигурни се во себе толку се позависни од други, а колку повеќе се зависни од другите, толку помалку имаат потреба да развиваат способности. Бидејќи ова шема создава висока анксиозност, овие луѓе избегнуваат да донесуваат одлуки и не прифаќаат промени. На крајот оваа шема може да создаде и депресија и ниска самодоверба. Причини за развој на ова шема се набројуваат: детето не било третирано во склад со возраста-кон детето се однесувале презаштитнички и не го оставиле да донесува одлуки и да се занимава со активнсоти својствени на возраста, родителите фаворизирале една област каде детето можело да се покаже и да се развие и не му дозволувале на детето да покажува интерес и на други полиња. Кога детето не успеало во прв обид да реши некоја задача, тие веднаш понудиле решение, или пак го критикувале за направените грешки, родителите премногу го штитиле детето и не дозволувале на било каков начин да биде разочарано.

*Ранливост/склоност кон повреда/болест-* Овие поединци се плашат од катастрофални настани (болест, природни катастрофи, несреќа, загуба на материјални добра, криминал) за разлика од поединците со шемата некомпетентност кои не можат да се носат со секојдневните задачи. Тие покажуваат претерана грижа за сопствената и за безбедноста на саканите. Заради тоа што го доживуваат светот како ризично место, постојано се во состојба на напад и не можат да се опуштат, сметајќи дека ако не се доволно внимателни во секој момент, може да се случи несреќа. Најчести стресни

искуства кои доведуваат до изразеност на шемата се набројуваат: имитација на родителското однесување кое постојано се карактеризирало со страв и претерана внимателност, родителите се однесувале презаштитнички кон детето особено во однос на здравјето. Тие постојано го предупредувале детето за опасностите, но потценувајќи ги способностите на детето за справување. Од друга страна, оваа шема се изразува ако родителите не го штителе детето од опасности како на пример: насилство, злоупотреба и др., или пак на родителите им се случило некаква несреќа (особено тешка болест) па затоа детето го перципира светот како опасен.

*Симбиоза* -Оваа шема се однесува на претерана емоционална инвестиција и блискост со другите (особено родителите). Оваа поврзаност е толку силна што всушност се создава симбиоза помеѓу личностите во таа врска и се губи личниот идентитет. Ваквата претерана блискост ги тера да мислат дека точно знаат што сакаат другите и дека нивниот живот би бил бесмислен без таа врска. Кај овие поединци разликите се неприфатливи и закануваčки за врската и заради тоа можат да жртвуваат сѐ само за блискост.

Треба да се спомене дека иако ваквата блискост е многу посакувана, сепак длабоко во нив чувствуваат некаква празнина и незадоволство, а понекогаш и лутина затоа што заради другите се изоставувале себеси. Но, тоа не ги мотивира доволно за да преземат сопствени чекори и заради тоа кај нив се појавува чувство на вина дека ги лажат блиските и страв дека тие ќе се оддалечат ако се променат тие самите. Стресните искуства кои доведуваат до изразеност на шемата се: претерана бликсост со еден или двајцата родители (на детето му се исповедуваат и интимни работи кои не може да ги сфати), родителите премногу го заштитиле и контролирале детето, ригидност во мислењето (родителите не дозволувале спротивставување).

*Потчинетост*-Поединците кај кои е изразена ова шема го препуштаат целосно својот живот на други бидејќи се плашат да не предизвикаат бес, казна, отфрленост кај другите. Тие или ги потиснуваат нивните потреби (сопствени желби, одлука, избори) или нивните емоции (особено бес, лутина). Потчинетоста започнува во семејното однесување кога децата покажуваат

целосна послушност како адаптивна стратегија за да избегнат казна и отфрленост од родителите. Ваквата потчинетост продолжува и подоцна во животот со наставници и други авторитетни личности кои се перципираат како многу моќни и дека не вреди да им се спротивставува. Овие личности на прв поглед може да делуваат како флексибилни и лица со кои може лесно да се постигне сложеност. Како стресни искуства кои придонесуваат за изразеност на шемата се: растење во премногу контролирачка атмосфера, бес, казнување и отфрлање од страна на родителите ако детето не ги исполнило желбите и барањата на родителите. Едниот родител се покажува како авторитет а другиот постојано се потчинува и на таков начин детето учи дека треба да биде послушен за да има мир во семејството. Родителите претерувале со нивната реакција кога детето правело нешто погрешно.

*Жртвување на себеси*-Оваа шема има многу сличности со претходната бидејќи и двете се манифестираат преку претеран труд за задоволување на потребите на другите, а занемарувајќи ги сопствените. Разликата е во тоа што поединците кај кои е изразена шемата „жртвување себеси", жртвувањето го прават доброволно, односно тие со потполна свесност им се посветуваат целосно на другите сметајќи дека ако се однесуваат на друг начин тоа ќе биде себично. Тие малку зборуваат за сопствените проблеми, не ги изразуваат нивните емоции, стравови, желби, а секогаш целосно ги слушаат другите. Тие сметаат дека ако имаат некаков проблем, другите блиски треба да знаат без тие да кажат, што скоро е невозможно, и тоа пак кај нив создава лутина. Стресот што го доживуваат грижејќи се безусловно за другите создава психосоматски симптоми како: главоболка, гастроинтестинални проблеми, голем умор. Ваквата шема се изразува во семејства каде: родителите биле често недостапни, беспомошни, депресивни, неспособни да се грижат за семејството и тие обврски ги извшувало детето. Родителите постојано ги преокупирале децата со нивните проблеми барајќи од нив совети. Самите родители манифестирале такво однесување (саможртвување) и детето учело да се однесува така од нив.

*Емоционална инхибираност*- Оваа шема се карактеризира со претерана контрола на спонтани реагирања, искрени чувства и отворена комуникација. Оваа контрола се манифестира и со негативните чувства како што се контрола на бес, агресија, и со позитивните импулси како што се: радост, љубов, сексуално возбудување. Поединците кај кои е изразена оваа шема многу често рационализираат и избегнуваат теми каде е потребно покажување на сопствените емоции, бидејќи тоа за нив претставува покажување слабост и може да ги доведе до загуба и непосакувани последици. Се смета дека поединците со ова шема се растени во семејства каде малку се разговарало, родителите преферирале рационалност и ред наместо спонтаност, детето требало да се однесува како возрасен, не дозволувајќи му да биде дете.

*Непопустливи/ ригидни стандарди*- кај поединците во кои е изразена оваа шема постои верување дека мора да се постигнат високи внатрешни стандарди во однесувањето и учинокот, што на другите им делуваат нереално, но за нив не се ниту превисоки ниту перфекционистички. Според Јанг и Клоско (Young & Klosko, 1993; според Mirović & Hadzič, 2015) оваа шема може да се подели на три подшеми во зависност од тоа на кои стандарди се насочува личноста: компулсивна ориентација кон ред, кон успех и кон статус.

За да постигнат што повеќе, овие поедници често работат до исцрпеност не прифаќајќи помош, а сепак на крајот го потценуваат нивниот труд и успех. Стресни искуства кои се надоврзуваат со шемата се: родителите поставуваат недостижни цели за детето или не го пофалуваат доволно за неговите постигнувања, детето треба да задоволи стандарди за да добие внимание и љубов од родителите, детето постојано се става во натпревар со другите, споредба со другите и тоа секогаш во врска со постигнувања во животот, детето се чувствувало инфериорно во однос на својата околина, па поставувајќи превисоки стандарди сакало да привлече внимание и да биде над опкружувањето.

Домен „Оштетени граници“ – во овој домен се опишуваат поединци кои покажуваат слабост кога се во прашање внатрешни граници, одговорност кон другите или насоченост кон долготрајни цели. Тие се кркатеризираат со ниска

самоконтрола кога е во прашање односот кон целите, на другите им даваат помалку права и компетенции со што настануваат проблеми кога треба да се соработува со други, не превземаат одговорност кога треба да се поставуваат и остваруваат реалистични лични цели. Во овој домен се набројуваат шемите:

*Право на привилегираност/грандиозност-* Поединците кај кои е изразена оваа шема се доживуваат себеси како посебни и подобри од другите. Тие се ставаат себеси во категорија на најдобри, најбогати, најпознати, не заради тоа што сакаат внимание, туку заради тоа што веруваат дека на таков начин полесно ќе постигнат моќ и контрола над другите. Бидејќи имаат превисоко мислење за себе, тие не ги следат правилата кои важат за сите и сметат дека за нив треба да постојат посебни права и норми. Заради тоа често се одликуваат со отсуство на емпатија, себичност, грандиозност. Нивниот капацитет за самокритичност е многу низок и не можат да анализират и прифатат дека погрешно се однесуваат. Оваа шема се изразува ако во семејството децата биле разгалени и секогаш го добиле тоа што го сакале и кога посакале, односно тие имале контрола врз родителите заради тоа што родителите покажале слаби граници. Тоа ги правело децата и на најмалата фрустрација да реагираат импулсивно. Грандиозноста може да се роди и во семејства каде детето навистина има некој посебен талент со кој се разликува од другите. Шемата се развива и кај семејства кои покажуваат студени односи кон детето, со многу критики и емоционална деправација, па затоа детето неговата инфериорност ја брани со супериорност, бес, привилегија.

*Недоволна самоконтрола/ниска толеранција на фрустрација-* на поединците кај кои е изразена оваа шема им недостасуваат две важни особини: самоконтрола (способност на адекватен начин да ги канализираат сопствените емоции и импулси) и самодисциплина (способност да се истрајува кон поставените задачи и цели и кога процесот за нивно постигнување е досаден и фрустрирачки). Нивното однесување се одликува со: импулсивност, деконцентрираност, неорганизираност, неистрајност, со чести напади на бес и неможност да се одложуваат краткотрајни задоволства заради долготрајни цели. Тоа се гледа во нивната рана зависност од алкохол, пушење, претерано

јадење и др. Лицата кај кои е изразена шемата вообичаено се растени во семејства каде родителите биле физички или емоционално отсутни па детето само на себе поставувало граници (кога да спие, колку време да игра), родителите поставувале слаба контрола а тоа влијаело детето да развие ниска толеранција на фрустрација. Родителите попуштале кога детето почнувало да прави сцени ако не добивало нешто веднаш и така детето не учело да ги контролира своите импулси. Ваквото однесување има повеќе можност да се манифестира особено кај семејства со едно дете или кај семејства кои долго време се обиделе да имаат дете.

РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

За поврзаноста помеѓу перцепцијата на родителскиот стил, социоемоционалната приврзаност за родителите и когнитивните стилови (рани маладаптвини шеми) зборуваат и истражувањата кои се направени со овие варијабли, а кои се малку на број, па затоа е и поттикот да се придонесе кон оваа тема особено во нашата земја.

Истражување направено со истите три варијабли но проширено на клиничка популација, е студијата на Мекгин, Цукор и Сандерсон (McGinn, Cukor & Sandreson, 2005). Нивната цел била да ја испитуваат валидноста на хипотезите, дека раните искуства со родител кој покажува повеќе контрола, а послаба грижа кон детето доведуваат до депресија или анксиозност, а овој однос е посредуван од негативните когнитивни стилови (рани маладаптивни шеми). Како заклучок тие ја потврдиле хипотезата и се покажало дека ниската грижа од страна на мајката, е значајно поврзана со доменот дисконекција/отфрлање, а претераната контрола со шемите претерана вигилност и претерана блискост со другите. Контролата од страна на таткото не била статистички значајно поврзана со ниту една шема.

Истражување направено во нашата земја со оваа проблематика е она од страна на Фрицханд, Мировиќ и Хаџич (Fritzhand, Mirović & Hadzič, 2016) кои вклучиле испитаници од Македонска етничка припадност во Македонија и од Српска етничка припадност во Србија. Резултатите покажуваат дека грижата од страна на мајката, е позитивно и значајно поврзана со грижата од таткото и негативно и значајно со контролата од мајката и од таткото. Корелацијата со сите шеми се покажува дека е негативна, освен со шемата критичност.

Од друга страна, поврзаноста помеѓу раните маладаптивни шеми и социоемоционалната приврзаност за родителите е истражувана од Симард, Мос и Паскузо (Simard, Moss & Pascuzzo, 2011) во една 15 годишна лонгитудинална студија со деца и адолесценти. Резултатите покажуваат дека постои висока поврзаност на раните маладаптивни шеми со несигурната социоемоционална приврзаност за родителите. Резултатите предлагаат дека специфични елементи на репрезентациските модели е поверојатно да бидат

поврзани со присутвото на рани маладаптивни шеми: висока анксиозност наспроти отфрлање, негативна слика за себе и експлицитни манифестации на лична вознемиреност. Неисполнувањето на детските потреби за сигурна емоционална приврзаност води кон високо присуство на рани маладаптивни шеми.

Според истражувањето на Генчоз (Gençöz, 2012) каде се испитува поврзаноста помеѓу неадаптивните когнитивни стилови (маладаптивни шеми), родителскиот стил, добросостојбата и други психолошки ресурси кај 309 студенти на возраст од 18-33 години се покажува дека шемите се високо поврзани со негативното перцепирање на родителското однесување, особено високо ниво на невротицизам, недоволна употреба на стратегии за справување. Негативното перцепирање на родителското однесување била поврзана со повисока присутност на шемата неповрзување/отфрлање (одбивање) и пониско ниво на животно задоволство. И според истражувањето на Коранхен и Амирсардари (Kooranhen & Amirsardari, 2015) се покажува дека авторитарниот стил позитивно предвидува присутво на рани маладаптивни шеми како што се отфрлање/неможност за поврзување.

Според истражувањето на Зафирополу, Авагианоу и Василиадоу (Zafiropoulou, Avagianou & Vassiliadou, 2014), во кое се испитува поврзаноста помеѓу родителската приврзаност и раните маладаптивни шеми (когнитивни стилови) кај 636 адолесценти од 11 до 15 годишна возраст се покажува дека постои негативна поврзаност помеѓу родителската комуникација и доверба и скоро сите маладаптивни шеми, а постои позитивна поврзаност помеѓу отуѓувањето од страна на родителите и шемите висока критичност, социјална изолација/отуѓување, недоверба, нестабилност.

Според истото истражување се покажува дека во рана адолесценција кај оние кои се несигурно приврзани со родителите се поприсутни емоционалната депривација и критицизмот, додека кај повозрасните адолесценти има повисоко присуство на социјалната изолација, ранливост, субмисивност на социјални императиви.

Друго истражување направено на 194 испитаници од студентска популација е од Харис и Куртин (Harris & Curtin, 2002) каде е проверено посредувањето на

раните маладпативни шеми во однос меѓу перцепцијата на родителскиот стил и депресивноста. Нивната хипотеза делумно е потврдена, а резултатие се следни: четири шеми (дефектност, недоволна самоконтрола, ранливост, некомпетентност) делумно посредуваат во односот помеѓу перцепцијата на родителското однесување и депресивната симпоматологија. Овие четири шеми објасниле 63,3% на варијансата на Бековиот инвентар за депресија, и авторите заклучиле дека тие можат да послужат како добар предиктор на депресијата. Потоа истражувачите ја испитувале поврзаноста помеѓу тие четири шеми со перцепцијата на родителскиот стил, каде е пронајдено дека како што се зголемува скорот кај четирите шеми така се намалува субскалата грижа кај перцепцијата на родителскиот стил, а се зголемува таа која мери претерана заштита.

Според истражувањето на Кубуриц (Kuburic, 1994; според Mirović, 2008) се покажува дека недостатокот на грижа и отфрлање се поврзани со низа психијатриски болести и пореметувања во однесувањето, вклучувајќи ја неврозата, деликвенцијата, психосоматските реакции, школски проблеми, пореметување на сликата за сопственото тело. Според него, кроскултуралните истражувања покажуваат дека отфрлените деца имаат ниско ниво на самопочитување и адекватност. Во однос на прифаќањето тие се многу позависни, посесивни со многу барања бидејќи од родителите бараат многу внимание, нега и физички контакт. Отфрлените деца како заштитен механизам од понатамошно отфрлање со тек на времето емоционално се затвораат и не бараат внимание од лицата кои им се важни. Заради тоа, тие ретко наоѓаат задоволство од социјалните односи со врсниците, што уште повеќе ги изолира и влијае врз нивното самопочитување.

Друго истражување направено на балканските простори, поточно Србија, е тоа на Мировиќ (Mirović, 2008) каде се испитува поврзаноста помеѓу перцепцијата на родителскиот стил, маладаптивните шеми, анксиозноста и депресивноста, покажува дека постои поврзаност помеѓу слабата грижа и претераната контрола со дисфункционалните когнитивни стилови (рани маладаптивни шеми).

Во однос на прашањето дали постојат разлики помеѓу адолесцентите и студентите од македонска и албанска етничка припадност во перцепцијата на родителскиот стил не се најдени релевантни истражувања. Заради тоа како единствена поткрепа за поставениот проблем служат истражувањата направени во западните земји кои се спомнати погоре во теоретскиот дел и истражувањето на Кениг (2006) каде се испитуваат неколку димензии на културата според Хофстедовиот модел кај етнички Македонци и Албанци. Во оваа студија се покажува дека во однос на димензијата маскулиност/фемининост, Албанците се помаскулини од Македонците, со што може да се каже дека и семејните односи се градат врз основа на патријархален модел. Во една студија за однесувањето и ставовите на младите во врска со здравјето спроведено од Центарот за психосоцијална и кризна акција (според Кениг, 2006), во однос на разликите во моќ кај адолесценти, се покажува дека Албанците помалку слободно го изразуваат мислењето во кругот на врсниците, а во врска со експериментирањето со ризични однесувања, Албанците секогаш во помал процент соопштувале дека експериментираат со ризични однесувања како користење алкохол и тутун. Ваквите наоди, исто така, може да се протолкуваат и како резултат на воспитувањето и однесувањето на родителите кон нивните деца кој можеби се разликува од тоа како родителите Македонци се однесуваат и ги растат нивните деца.

# ЕМПИРИСКИ ДЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Истражувачки хипотези

Според наведените проблеми, цели и објаснетите релевантни истражувања, се формирани следниве истражувачки хипотези:

Хипотеза 1: Средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки и помалку грижливи и помалку контролирачки и помалку грижливи имаат поизразени рани маладаптивни шеми од средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки и погрижливи и помалку контролирачки и погрижливи.

Хипотеза 2: Средношколците кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки имаат поизразени рани маладаптивни шеми од студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки, додека помеѓу средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како погрижливи не постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми.

Хипотеза 3**:** Кај средношколците и студентите кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми, за разлика од средношколците и студените кои се сигурно приврзани за родителите.

Хипотеза 4: Кај средношколците кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми за разлика од студентите кои се несигурно приврзани за родителите, додека кај средношколците и студентите кои се сигурно приврзани за родителите не постојат разлики во изразеноста на маладаптивните шеми.

Хипотеза 5: Средношколците и студентите од албанска етничка припадност ги перципираат нивните родители како повеќе контролирачки за разлика од средношколците и студентите од македонска етничка припадност кои ги перципираат нивните родители како погрижливи.

## МЕТОД

Примерок и постапка

Примерокот се состои од 184  испитаници. Поголемиот број се на возраст од 17 години, односно вкупно 75 испитаници, и на 19 годишна возраст- вкупно 57 испитаници. Подолу табеларно ќе се прикаже структурата за појасна презентација.

Табела 2. Структура на примерокот

| Возраст на испитаници | Број на испитаници | Машки | Женски | Македонци | Албанци |
|---|---|---|---|---|---|
| 17 години | 75 испитаници | 34 | 41 | 37 | 38 |
| 18 години | 6 испитаници | 1 | 5 | 0 | 6 |
| 19 години | 57 испитаници | 22 | 35 | 29 | 28 |
| 20 години | 17 испитаници | 7 | 10 | 6 | 11 |
| 21 години | 19 испитаници | 11 | 8 | 12 | 7 |
| 22 години | 10 испитаници | 8 | 2 | 4 | 6 |

Според образованието на испитаниците, 108 испитаници се студенти, додека 76 испитаници се средношколци. Врз основа на националноста, , 88 испитаници се од македонска етничка припадноста, а 96 испитаници се од албанска етничка припадност.

Контролирајќи ги релевантните варијабли, според местото на живеење сите испитаници се од Скопје и според брачната сосотојба на родителите сите испитаници имаат родители кои се во брак. Според оброзавонието на родителте на испитаниците, 89 испитаници имаат родители со средно образование, додека 95 имаат родителите со високо образование. Според полот, 101 испитаници се од женски пол, додека 83 се од машки пол.

Идеално би било бројот на испитаниците по секоја релевантна варијабла да биде подеднаков од една и друга страна, но скоро никогаш теренската работа не се совпаѓа со конструираниот нацрт. Сепак разликата е многу мала за да може да биде значајна и да влијае врз тестирањето на хипотезите.

Задавањето на инструментите беше реализирано во повеќе наврати, и тоа во месец март, април и почетокот на мај, особено со студенстката популација заради неможноста да се најдат одеднаш машки испитаници. Испитаниците средношколци Македонци се од средното музичко училиште „Илија Николоски Луј" (вкупно 37 испитаници) а средношколците Албанци се од гимназијата „Зеф Љуш Марку" (вкупно 39 испитаници). Испитаниците студенти се од Филозофскиот Факултет-насока Психологија (вкупно 68 испитаници), каде поголемиот дел се од македонска етничка припадност а помал дел од албанска етничка припадност и од Универзитетот „Мајка Тереза"- Факултет за технолошки науки (40 испитаници), каде сите се од албанска етничка припадност. Пополнувањето на инструментите траеше околу половина час, при што на почетокот им беше објаснето за што служи истражувањето, но не и за целта, и начинот на кој треба да се пополнат инструментите. Освен усно, на секој инструмент на почетоток имаше и писмено објаснување за начинот на одговарање. Во текот на постапката на одговарање немаше проблеми и недоразбирања и се одеше како што беше предвидено. Заради потребата во истражувањето да се вклучат и албански испитаници, инструментите беа преведени на албански јазик.

**Инструменти**

Прашалник за демографски податоци за испитаниците кој се состои од податоци за возраста, полот, местото на живеење на испитаниците, ниво на образование на нивните родители и брачен статус на нивните родители.

За мерење на перцепцијата за однесувањето на родителите користен е инструментот Parental Bonding Instrument (PBI) – (Инструмент за приврзаност со родителите) од Паркер, Туплинг и Браун (Parker, Tupling & Brown, 1979). Првичната скала содржела вкупно 119 ајтеми, кои потоа се сведени на 50. Во овој инструмент за самопроцена од вкупно 50 ајтеми- 25 се однесуваат на таткото а 25 за мајката, преку кои се мери перцепцијата на испитаникот за однесувањето на родителот за првите 16 години од животот. Ајтемите се фокусирани на две димензии кои се сметаат за важни во градењето на интеракцијата помеѓу родителот и детето , а тие се- родителска грижа, родителска контрола/претерана заштита. Од 25 ајтеми, 12 се однесуваат на родителската грижа, како димензија која оди од афективност, топлина, емпатија до индиферентност и отрфлање. Останатите 13 мерат родителска контрола (претерана заштита), која се движи од интрузивност до негување независност. Субскалите можат да се користат одвоено или како целина.

Оценување: Секоја од варијаблите се мери одвоено за мајката и таткото. Секој ајтем се оценува на четири степена Ликерова скала (0-3), од *тврдењето мошне го/ја опишува татко/мајка ми-1* до *тврдењето воопшто не го/ја опишува татко/мајка ми-4.*Скоровите на двете скали претставуваат збир на одговорите за ајтемите на таа скала. Повисоки скорови покажуваат повисоко ниво на грижа (0-36) и родителска контрола-претерана заштита (од 0 до 39).

Норми: Првично е даден на 65 студенти од медицина, 43 психијатриски сестри, 13 студенти на технички студии, 29 родители. Примерокот бил изедначен на пола. Потоа се најдени средни вредности од 24.9 за димензијата грижа и 13.3 за претерана заштита. На друг примерок од 410 пациенти на лекари од општа пракса, добиена е аритметичка средина за грижа 26.9 за женскиот пол и 23.8 за машкиот пол. Во однос на димензијата претерана

заштита е добиена аритметичка средина од 13.3 за женскиот пол и 12.5 за машкиот пол. Врз основа на добиените резултати, авторите предложиле граничниот скор помеѓу ниска и висока грижа за мајката да биде 27, а за таткото 24. Во однос на претераната заштита граничната вредност за мајката да биде 13.5 за мајката, а 12.5 за таткото. Освен овие автори, Мартин и сор., (Martin et al., 2004, според Mirović, 2008) предлагаат пониски гранични скорови: 22 за грижа од страна на мајката, 19 за таткото, а за димензијата претерана заштита 20 за мајката, 19 за таткото. Вакви норми во нашата популација, но и пошироко на Балканот не се познати.

Релијабилност: За инструментот PBI е потврдена преку тест-ретест (r=0.76 за скалата грижа и r=0.63 за претерана заштита) и со техниката split-half (r=0.88, r=0.74 за скалата претерана заштита). Според Харис и Куртин (Harris & Curtin, 2002) скоровите се независни од расположението на испитаниците или полот на родителите. Во примерокот користен во ова истражување Кронбах алфа за димензијата контрола изнесува α=.738, за димензијата грижа коефициентот изнесува α=.506.

Валидност: PBI покажува добра конкурентна валидност, заради тоа што скоровите на него значајно корелираат со исказите на независни набљудувачи и други членови на семејството.

За мерење на социоемоционалната приврзаност за родителите користен е инструментот Inventory of parent and peer atachment-IPPA-R (Инвентар за приврзаноста кон родителите и врсниците) од авторите Армсден и Гринберг (Arsmsden & Greenberg, 1987), кој се користи за проценување на перцепциите за позитивните и негатините афективни/когнитивни димензии во врска со родителите и блиските пријатели/врсници. Од овој инструмент за целите на истражувањето е превземен само делот кој се однесува на социоемоционалната приврзаност за родителите. Се проценуваат три димензии: степен на взаемна доверба, квалитет на комуникација и мерка на отуѓување. Оригиналната верзија содржела 28 ајтеми за родителите и 25 за врсниците, додека ревидираната опфаќа 25 ајтеми во делот за мајката, 25 за таткото и 25 за врсниците, давајќи вкупно 3 скора. Секој ајтем се оценува на пет степена Ликерова скала каде ајтемот може да се вреднува 1 (скоро никогаш или никогаш) до 5 (скоро до секогаш или секогаш). Во инструментот има и реверзибилни ајтеми (вкупно 5 од кои 4 во деловите за таткото и мајката а 1 во делот за врсниците) кои се бодуваат негативно. Повисок скор на димензиите доверба и комуникација значи посигурно социоемционално врзување, додека повисок скор на димензијата отуѓување значи повисоко ниво на несигурна приврзаност.

Релијабилност: Инструментот бил даден на адолесценти од 16 до 20 години каде се најдени значајни интер-корелации помеѓу сите субскали. Доверба и комуникација позитивно корелирале со $r=0.76$ за секоја скала посебно (за мајката, таткото, врсниците). Субскалата отуѓување била обратнопропорционална корелирана со субскала комуникација ($r=-0.70$ за родителите и $r=-0.40$ за врсниците) и доверба ($r=-0.76$ за родителите и $r=-0.46$ за врсниците). Во примерокот користен во ова истражување Кронбах алфа за родителите изнесува α=. 841

Валидност: IPPA R покажува добра валидност заради тоа што скоровите значајно корелираат со добросостојбата на испитаниците, самодовербата и животното задоволство и ја предвидува депресијата/анксиозноста/отуѓувањето (Armsden & Greenberg, 1987).

Инструментот за мерење на неадаптивните когнитивни шеми во ова истражување Schema Questionnaire (Прашалник за шемите) -кратка верзија (SQ-SF) е од авторите Јанг и Браун (Young & Brown, 1998). Првата верзија од 1994 година е составена од 205 ајтеми (за самопроцена на 16 шеми), генерирани од клиничко искуство со клиенти со хронични или тешки психосоматски растројства. Кратката форма од 1998 година мери 15 маладаптивни шеми со 75 ајтеми, каде се отфрла шемата „Социјална непривлечност", која се појавува како независен фактор во истражувањето на Шмид и сор., и Ли и сор., (Schmit et al., 1995, Leeet al.,1999; според Mirović, 2008). Инструментот се заснова на самопроцена каде секој ајтем се проценува на шестстепена скала од *1=Сосема погрешно ме опишува*, до *6=Совршено точно ме опишува.* Инструментот дава 15 одвоени скорови за секоја шема посебно така што за секоја шема постојат вкупно 5 ајтеми а скорот за секоја шема може да се движи од 5 до 30. Нормите за оценување се:

- 5-9 –Многу ниска изразеност на шемата
- 10-14-Умерено ниска изразеност на шемата
- 15-19: Средна изразеност
- 20-24: Висока изразеност
- 25-30: Многу висока изразеност

Релијабиност: Уелбурн и сор., (Welburn et al., 2002) нашле дека сите 15 субскали имаат задоволувачка или многу добра интерна конзистентност (кронбах алфа коефицинетот се движат од 0.76 до 0.93). Во примерокот користен во ова истражување Кронбах алфа се движи од α=.666 за шемата субмисивност до α=.873 за шемата неуспех.

Валидност: Според истите автори кои ја тестирале релијабилноста, сите 15 шеми играат важна улога во развојот и одржувањето на психијатриските симптоми.

РЕЗУЛТАТИ

При статистичката обработка на податоците, за проверка на хипотезите беа користени: t-тест за голема група и за мала група, поединечни ANOVI и Post hoc со тестот LSD.

Во следниот дел ќе се прикажаат дескриптивните показатели на варијалбите: перцепција на родителско однесување, социоемоционална приврзаност за родителите и неадаптивните когнитивни стилови (рани маладаптивни шеми), како и резултатите од тестирањето на хипотезите, односно резултати од обработката. Заради тоа што варијалбата неадаптивни когнитивни стилови се мери преку инструментот за рани маладаптивни шеми, подолу во приказот на обработката ќе биде користен терминот рани маладаптивни шеми, односно кратенката РМШ.

Во Табела 3 се дадени дескриптивни статистици за варијаблата перцепција на однесување на родителите , поединечно за димезијата грижа и контрола од страна на таткото и за мајката.

Табела 3- Дескриптивни показатели за варијаблата перцепција на однесување на родителите

| Димензии | Родител | N | M | SD | Min | Max |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Грижа | Татко | 184 | 25.99 | 7.45 | 3 | 36 |
| | Мајка | 184 | 30.03 | 6.48 | 8 | 36 |
| Контрола | Татко | 184 | 13.04 | 5.99 | 1 | 27 |
| | Мајка | 184 | 14.05 | 6.17 | 0 | 26 |

За димензијата грижа повисока аритметичка средина е добиена за мајката M=30.03 додека за таткото е добиена M=25.99. Во однос на опсегот на добиени скорови и стандарното отстапување, поголем опсег е добиено за таткото, од 3 до 36 и стандардно отстапување SD=7.45 наспроти минимален 8 и максимален 36 и стандардно отстапување SD=6,48 за мајката.

За димензијата контрола повисока аритметичка средина е добиена за мајка M=14.05 додека за татко е добиена M=13,04. Во однос на стандардно отстапување поголема варијабилност е добиено за мајка SD=6,17 и опсег на скорови од 0 до 26 а552 пониска за татко SD=5.99 и опсег на скорови од 1 до 27.

Во Табела 4 се дадени бројот на сигурна и несигурна социеомоционална приврзаност за таткото и мајката.

Табела 4- Дескриптивни показатели за варијаблата социоемоционална приврзаност со родителите

| Приврзаност | Родител | f | % |
|---|---|---|---|
| Сигурна | татко | 128 | 69.56 |
| | мајка | 146 | 79.35 |
| Несигурна | татко | 56 | 30.43 |
| | мајка | 38 | 20.65 |

Врз основа на резултатите од инструментот за социоемоционална приврзаност со родителите, сигурна привразност со таткото е утврдена кај 128 (69.56%) од испитаниците додека сигурна приврзаност со мајката е утврдена кај 146 (79,35%).

За социоемоционална привразност со родителите, несигурена приврзаност со таткото е утврдена кај 56 ( 30.43% ) од испитаниците, додека за несигурна приврзаност со мајката е добиен понизок број 38 (20,65%).

Во Табела 5 се дадени дескриптивни показатели за варијаблата рани маладаптивни шеми, односно поедиечен показател за секоја од шемите (вкупно 15).

Табела 5 -Дескриптивни показатели за варијаблата рани маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | N | M | SD | Min | Max |
|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | 184 | 9.51 | 5.07 | 5 | 28 |
| Напуштање | 184 | 13.83 | 6.54 | 5 | 29 |
| Недоверба | 184 | 13.44 | 5.40 | 5 | 29 |
| Социјална изолација | 184 | 10.72 | 4.91 | 5 | 30 |
| Дефектност/критицизам | 184 | 8.52 | 4.31 | 5 | 26 |
| Неуспех | 184 | 8.91 | 5.00 | 5 | 28 |
| Зависност | 184 | 8.36 | 3.76 | 5 | 22 |
| Ранливост | 184 | 10.56 | 5.36 | 5 | 30 |
| Симбиоза | 184 | 10.96 | 4.86 | 5 | 25 |
| Субмисивност | 184 | 9.75 | 4.14 | 5 | 25 |
| Пожртвуваност | 184 | 15.74 | 5.82 | 5 | 29 |
| Емоционална инхибираност | 184 | 12.76 | 6.39 | 5 | 30 |
| Ригидност | 184 | 15.90 | 5.80 | 5 | 30 |
| Право | 184 | 13.91 | 5.71 | 5 | 30 |
| Недоволна самоконтрола | 184 | 13.27 | 5.68 | 5 | 30 |

Во однос на дескриптивната мерка аритметичка средина највисоки вредности се утврдени  на супскалите: ригидност (M=15.90), пожртвуваност (M=15.74), право (M=13.91), напуштање (M=13.83), недоверба (M=13.44),  а најниски се утврдени на супскалите: ранливост  (M=10.56 ), субмисивност (M=9.75), емоционална депривација (M=9.51), неуспех (M= 8.91) и зависност (M= 8.36).

Во однос на опсегот на добиени скорови и стандардно отстапување за сите супскали најнизок постигнат скор е 5 додека како највисок за различни супскали е добиен различен скор. Оттука и вредностите кои се добиени за стандардната девијација кај супскалите покажуваат на различно ниво на хомогеност во однос на дадените одговори.

Највисоко ниво на хомогени одговори е утврдено за супскалата зависност, стандардно отстапување (SD=3,76) како и  опсег на постигнати

скорови од 5 до 22. Истото е утврдено и кај супскалите субмисивност (SD=4.14) и опсег на постигнати скорови од 5 до 25, дефектност/критицизам (SD=4.31) и опсег на постигнати скорови од 5 до 26, симбиоза (SD=4.86) и опсег на постигнати скорови од 5 до 25, социјална изолација (SD=4.91) и опсег на постигнати скорови од 5 до 30. Највисоки стандардни отстапувања се добиени за супскалите: недоволана самоконтрола (SD=5.68) и опсег на скорови од 5 до 30, право (SD=5.71) и опсег на скорови од 5 до 30, ригидност (SD=5,80) и опсег на скорови од 5 до 30, емоционална инхибираност (SD=6.39) и опсег на постигнати скорови од 5 до 30 и напуштање (SD=6.54) и опсег на постигнати скорови од 5 до 29.

***Резултати од тестирање на хипотезите***

*Хипотеза 1:* Средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки и помалку грижливи и помалку контролирачки и помалку грижливи имаат поизразени рани маладаптивни шеми од средношколците и студентите кои ги перцепираат родителите како повеќе контролирачки и погрижливи и помалку контролирачки и погрижливи.

За тестирање на разликите во средните постигнување на средношколците и студентите со различни обрасци во перцепцијата на однесувањето на родителите во однос на варијаблата рани маладаптивни шеми користени се поединечни ANOVI, заради тоа што секоја шема претставува посебна зависна варијабла, односно не може да се даде вкупен скор за сите 15 шеми.

Врз основа на скоровите кои средношколците ги постигнале за варијаблата перцепција на однесување на родителите на димензиите грижа и контрола формирани се четири групи и тоа: *висока контрола/ниска грижа, ниска контрола/ниска грижа, висока контрола/висока грижа и ниска контрола/ниска грижа.*

Резултатите од тестирањето на првата хипотеза се дадени во Табела 6, 7, 8 и 9.

За тестот перцепција на однесување на таткото, за димензијата грижа добиена е медијана Mdn=17, а за димензијата контрола Mdn=13. Бројот на испитаници во секоја од групите е следен: висока контрола/ниска грижа 35, ниска контрола/ниска грижа 20, висока контрола/висока грижа 64 и ниска контрола/висока грижа 65.

За да се испита дали постои разлика помеѓу аритметичките средини на формираните групи во комбинација со зависните варијабли пресметан е *Wilks Lambda=0.075 (F=135.88,p<.001)* кој е статистички значаен и покажува дека постои разлика. Во Табела 6 се дадени резултатите од спроведените ANOVI.

Табела 6 – Разлики во раните маладаптивни шеми кај средношколци и студенти со различни обрасци на перцепција на однесување на таткото.

| Рани маладаотивни шеми | df | F | P |
|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | 3 | 7.24** | .000 |
| Напуштање | 3 | 1.94 | .125 |
| Недоверба | 3 | 0.66 | .580 |
| Социјална изолација | 3 | 0.56 | .643 |
| Дефектност/критицизам | 3 | 1.27 | .286 |
| Неуспех | 3 | 2.54 | .058 |
| Зависност | 3 | 4.56** | .004 |
| Ранливост | 3 | 2.80* | .042 |
| Симбиоза | 3 | 4.20** | .007 |
| Субмисивност | 3 | 3.75* | .012 |
| Пожртвуваност | 3 | 0.40 | .756 |
| Емоционална инхибираност | 3 | 1.04 | .376 |
| Ригидност | 3 | 2.09 | .103 |
| Право | 3 | 0.33 | .804 |
| Недоволна самоконтрола | 3 | 0.96 | .412 |

* p < .05, ** p < .01

Врз основа на резултатите од спроведените ANOVI статистички значајни разлики се добиени во раните малдаптивните шеми:

- емоционална депривација $(F(3,183)=7.24, p<0.01)$,
- зависност $(F(3,183)=4.56, p<0.01)$,
- ранливост $(F(3,183)=2.80, p<0.05)$,
- симбиоза $(F(3,183)=4.20, p<0.01)$ и
- субмисивност $(F(3,183)=3.75, p<0.05)$.

За да се испита помеѓу кои групи постои разлика спроведено е Post hoc тестирање со помош на LSD тест  помеѓу средношколци и студенти со различни обрасци во перцепцијата на однесувањето на родителите за делот на *таткото* во однос на раните маладаптивни шеми: *емоционална депривација, зависност, ранливост, симбиоза  и субмисивност,* кои се дадени во Табела 7.

Табела 7- Споредување помеѓу групите со различно ниво на контрола /грижа за таткото со LSD тест

| Рани маладаптивни шеми | I<br>M1 (SD 1) | II<br>M2 (SD2) | III<br>M3 (SD3) | IV<br>M4 (SD4) | F | Post Hoc |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | 12.54(6.29) | 10.35(5.59) | 9.20 (4.52) | 7.92(3.89) | 7.24** | M1<M3,M4 |
| Зависност | 9.71(3.95) | 6.65(2.11) | 8.93(3.95) | 7.58(3.56) | 4.56** | M3<M4,M2<br>M1<M4,M2 |
| Ранливост | 11.26(4.53) | 9.50(5.02) | 11.78(6.07) | 9.32(4.89) | 2.80* | M3<M4 |
| Симбиоза | 11.31(4.44) | 8.60(3.65) | 12.34(5.06) | 10.14(4.84) | 4.20** | M3<M4,M2<br>M1<M2 |
| Субмисивност | 11.60(4.91) | 9.10(2.10) | 9.88(4.24) | 8.83(3.77) | 3.75* | M1<M3,M4,M2 |

Легенда:

I= Висока контрола/ниска грижа; II= Ниска контрола/ниска грижа;

III= Висока контрола/висока грижа; IV= Ниска контрола/висока грижа

*p<0.5, **p<0.1

За шемата *емоционална депривација* статистички значајни разлики во аритметичките средини се добиени за групите висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа (3.3397, p<.01), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола и висока грижа (4.6198, p<.01).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на таткото  со висока контрола/ниска грижа е поизразена шемата емоционална депривација.

За шемата *зависност* статистички значајни разлики се добиени за групите висока контрола/висока грижа и ниска конрола/висока грижа (1.3529,

$p<.05$), висока контрола/висока грижа и ниска контрола/ниска грижа (2.287, $p<.01$), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (2.1297, $p<.01$) и висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/ниска грижа (3.0643, $p<.01$) .

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на таткото со висока контрола/висока грижа и висока контрола/ниска грижа е поизразена шемата зависност.

За шемата *ранливост* статистички значајна разлика е добиена за групите висока контрола/висока грижа и ниска контрола/висока грижа (2.4582, $p<.01$).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на таткото со висока контрола/висока грижа е поизразена шемата ранливост.

За шемата *симбиоза* статистички значајни разлики се добиени за групите висока контрола/висока грижа и ниска контрола/висока грижа (2.2053, $p<.01$), висока контрола/висока грижа и ниска контрола/ниска грижа (3.7438, $p<.01$), висока контрола/висока грижа и ниска контрола/ниска грижа (2.7143, $p<.05$).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на таткото со висока контрола/висока грижа е поизразена шемата симбиоза.

За шемата *субмисивност* статистички значајни разлики се добиени за групите: висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа (1.7250, $p<.05$), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (2.7692, $p<.01$) и висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/ниска грижа (2.500, $p<.05$).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на таткото со висока контрола/ниска грижа е поизразена шемата субмисивност.

Во останатите споредувања се добиени статистички незначајни вредности.

Врз основа на добиените резултати за перцепцијата на родителското однесување за делот на таткото, може да се заклучи дека *Хипотеза 1 е делумно потврдена,* односно дека средношколците и студентите кои го перципираат таткото како повеќе контролирачки/помалку грижлив и помалку контролирачки/помалку грижлив имаат поизразени рани маладаптивни шеми: *емоционална деприваација, зависност и субмисивност од студентите и средношколците кои го перициипираат таткото како повеќе контролирачки / повеќе грижлив и помалку контролирачки и повеќе грижлив.*

За тестот перцепција на однесување на мајката, за димензија грижа добиена е медијана Mdn=32, а за димензијата контрола Mdn=14. Бројот на испитаници во секоја од групите е следен: висока контрола/ниска грижа 41, ниска контрола/ниска грижа 5, висока контрола/висока грижа 63 и ниска контрола/висока грижа 75.

За да се испита дали постои разлика помеѓу аритметичките средини на формираните групи во комбинација со зависните варијабли пресметан е *Wilks Lambda=0.604 (F=2.03,p=0.000)* кој е статистички значаен и покажува дека постои разлика.

Во Табела 8 се дадени резултатите од спроведените ANOVI.

Табела 8 – Разлики во раните маладаптивни шеми помеѓу средношколци и студенти со различни обрасци на перцепција на однесување на мајката

| Рани маладаптивни шеми | df | F | P |
|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | 3 | 9.07** | .000 |
| Напуштање | 3 | 1.88 | .134 |
| Недоверба | 3 | 2.37 | .073 |
| Социјална изолација | 3 | 1.32 | .271 |
| Дефектност/критицизам | 3 | 3.58* | .015 |
| Неуспех | 3 | 2.49 | .062 |
| Зависност | 3 | 4.45** | .005 |
| Ранливост | 3 | 2.37 | .072 |
| Симбиоза | 3 | 2.50 | .062 |
| Субмисивност | 3 | 2.77* | .043 |
| Пожртвуваност | 3 | 1.99 | .118 |
| Емоционална инхибираност | 3 | 1.45 | .229 |
| Ригидност | 3 | 2.02 | .113 |
| Право | 3 | 0.45 | .718 |
| Недоволна самоконтрола | 3 | 0.66 | .580 |

* $p < .05$, ** $p < .01$

Врз основа на резултатите од спроведените ANOVI статистички значајни разлики се добиени за малдаптивните шеми:

- емоционална депривација ($F(3,183)=9.07$, $p<0.01$),
- дефектност/критицизам ($F(3,183)=3.58$, $p<0.05$),
- зависност ($F(3,183)=4.45$, $p<0.01$), и
- субмисивност ($F(3,183)=2.77$, $p<0.05$).

За да се испита помеѓу кои групи постои разлика спроведено е Post hoc тестирање со помош на LSD тест помеѓу средношколци и студенти со различни обрасци во перцепција на однесувањето на родителите во делот за *мајката* во однос на раните малдаптивни шеми: *емоционална депривација, дефектност/критицизам, зависност и субмисивност* кои се дадени во Табела 9.

Табела 9- Споредување помеѓу групите со различно ниво на контрола /грижа за мајката со LSD тест

| Рани маладаптивни шеми | I M1 (SD 1) | II M2 (SD2) | III M3 (SD3) | IV M4 (SD4) | F | Post hoc |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | 12.54(6.46) | 10.80(3.96) | 9.54(4.32) | 7.75(4.02) | 9.07** | M1<M3<M4 |
| Дефектност/ критицизам | 9.73(5.04) | 6.60(3.05) | 9.16(4.49) | 7.44(3.50) | 3.58* | M3,M1<M4 |
| Зависност | 9.46(4.00) | 7.60(3.44) | 9.05(3.90) | 7.23(3.24) | 4.45** | M3,M2<M4 |
| Субмисивност | 11.10(5.67) | 11.20(2.86) | 9.76(3.44) | 8.91(3.56) | 2.77* | M1<M4 |

Легенда:

I= Висока контрола/ниска грижа; II= Ниска контрола/ниска грижа;

III= Висока контрола/висока грижа; IV= Ниска контрола/висока грижа

*p<0.5, **p<0.1

За шемата емоционална депривација статистички значајни разлики се добиени за групите: висока контрола/висока грижа и ниска контрола/висока грижа (1.7930, p<0.5), висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа (2.9969, p<0.1), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (4.7899, p<0.1).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на мајката со висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа е поизразена шемата емоционална депривација.

За шемата дефектност/критицизам статистички значајни разлики се добиени за групите висока контрола/висока грижа и ниска контрола/висока грижа (1.7187, p<0.1), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (2.2875, p<0.1).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на мајката со висока контрола/ниска грижа и висока контрола / висока грижа е поизразена шемата дефектност/критицизам.

За шемата зависност статистички значајни разлики се добиени за групите висока контрола/висока грижа и ниска контрола/висока грижа

(1.8210, $p<0.1$), висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (2.2367, $p<0.1$).

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на мајката со висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа е поизразена шемата зависност.

За шемата субмисивност статистички значајни разлики се добиени за групите висока контрола/ниска грижа и ниска контрола/висока грижа (2.1909, $p<0.1$) .

Оттука може да се заклучи дека кај средношколците и студентите кои го перципираат однесувањето на мајката со висока контрола/ниска грижа е поизразена шемата субмисивност.

Во останатите споредувања се добиени статистички незначајни вредности.

Врз основа на добиените резултати за перцепцијата на родителското однесување за делот на мајката може да се заклучи дека *Хипотеза 1 е делумно потврдена*, односно дека средношколците и студентите кои ја перципираат мајката повеќе контролирачка/помалку грижлива и помалку контролирачка и помалку грижлива имаат поизразени рани маладаптивни шеми: *емоционална депривација, дефектност/критицизам, зависност и субмисивнос од студентите и средношколците кои ја перципираат мајката како повеќе контролирачка/повеќе грижлива и помалку контролирачка/повеќе грижлива .*

*Хипотеза 2:* Средношколците кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки имаат поизразени рани маладаптивни шеми од студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки, додека помеѓу средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како погрижливи не постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми.

Резултатите од тестирањето на Хипотеза 2 се дадени во Табела 10; Табела 11; Табела 12 и Табела 13 .

За тестирање на разлики во средните постигнување на средношколците и студентите кои ги перцепираат родителите повеќе контролирачки и средношколците и студентите кои ги перцепираат родителите повеќе грижливи во однос на варијаблата рани малдаптивни шеми користен е *t-тест за големи мостри.*

Табела 10 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти кои го перцепираат таткото како повеќе контролирачки во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | N | M | SD | df | t |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Студенти | 62 | 10.26 | 5.53 | 97 | -0.29 |
| | Средношколци | 37 | 10.59 | 5.31 | | |
| Напуштање | Студенти | 62 | 13.23 | 6.02 | 97 | -2.74** |
| | Средношколци | 37 | 17.11 | 7.24 | | |
| Недоверба | Студенти | 62 | 12.47 | 5.58 | 97 | -3.30** |
| | Средношколци | 37 | 16.11 | 5.13 | | |
| Социјална изолација | Студенти | 62 | 10.06 | 4.98 | 97 | -2.84** |
| | Средношколци | 37 | 12.92 | 4.78 | | |
| Дефектност/критицизам | Студенти | 62 | 7.9 | 3.92 | 97 | -3.16** |
| | Средношколци | 37 | 11.00 | 5.15 | | |
| Неуспех | Студенти | 62 | 9.24 | 4.81 | 97 | -1.31 |
| | Средношколци | 37 | 10.65 | 5.38 | | |
| Зависност | Студенти | 62 | 8.71 | 3.53 | 97 | -1.55 |
| | Средношколци | 37 | 10.05 | 4.48 | | |
| Ранливост | Студенти | 62 | 10.05 | 4.24 | 97 | -3.45** |
| | Средношколци | 37 | 14.19 | 6.53 | | |
| Симбиоза | Студенти | 62 | 10.61 | 4.52 | 97 | -3.87** |
| | Средношколци | 37 | 14.27 | 4.57 | | |
| Субмисивност | Студенти | 62 | 9.65 | 4.12 | 97 | -2.33* |
| | Средношколци | 37 | 11.89 | 4.91 | | |
| Пожртвуваност | Студенти | 62 | 15.16 | 6.16 | 97 | -0.71 |
| | Средношколци | 37 | 16.00 | 5.42 | | |
| Емоционална инхибираност | Студенти | 62 | 11.21 | 4.90 | 97 | -3.92** |
| | Средношколци | 37 | 16.76 | 7.73 | | |
| Ригидност | Студенти | 62 | 13.65 | 5.64 | 97 | -3.21** |
| | Средношколци | 37 | 17.38 | 5.57 | | |
| Право | Студенти | 62 | 12.34 | 4.27 | 97 | -3.20** |
| | Средношколци | 37 | 15.84 | 5.59 | | |
| Недоволна самоконтрола | Студенти | 62 | 11.60 | 4.37 | 97 | -3.13** |
| | Средношколци | 37 | 14.92 | 5.49 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти кои го перципираат таткото како повеќе контролирачки во однос на раните маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики во шемите:

- ✓ Напуштање $t(97)=-2.74$, $p<0.01$;
- ✓ Недоверба $t(97)=-3.30$, $p<0.01$;
- ✓ Социјална изолација $t(97)=-2.84$, $p<0.01$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(97)=-3.16$, $p<0.01$;
- ✓ Ранливост $t(97)=-3.45$, $p<0.01$;
- ✓ Симбиоза $t(97)=-3.87$, $p<0.01$;
- ✓ Субмисивност $t(97)=-2.33$, $p<0.05$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(97)=-3.92$, $p<0.01$;
- ✓ Ригидност $t(97)=-3.21$, $p<0.01$;
- ✓ Право $t(97)=-3.20$, $p<0.01$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(97)=-3.13$, $p<0.01$;

Табела 11 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти кои ја перцепираат мајката како повеќе контролирачка во однос раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Студенти | 71 | 10.52 | 5.58 | 104 | -0.31 |
| | Средношколци | 35 | 10.86 | 5.19 | | |
| Напуштање | Студенти | 71 | 13.10 | 6.13 | 104 | -2.21* |
| | Средношколци | 35 | 16.06 | 6.64 | | |
| Недоверба | Студенти | 71 | 12.62 | 5.24 | 104 | -2.35* |
| | Средношколци | 35 | 15.20 | 5.36 | | |
| Социјална изолација | Студенти | 71 | 10.45 | 4.76 | 104 | -2.56** |
| | Средношколци | 35 | 13.06 | 5.02 | | |
| Дефектност/критицизам | Студенти | 71 | 8.42 | 4.33 | 104 | -2.75** |
| | Средношколци | 35 | 11.11 | 4.92 | | |
| Неуспех | Студенти | 71 | 8.76 | 4.74 | 104 | -2.08* |
| | Средношколци | 35 | 11.03 | 5.52 | | |
| Зависност | Студенти | 71 | 8.63 | 3.37 | 104 | -1.76* |
| | Средношколци | 35 | 10.20 | 4.73 | | |
| Ранливост | Студенти | 71 | 9.89 | 7.71 | 104 | -3.38** |
| | Средношколци | 35 | 13.86 | 6.12 | | |
| Симбиоза | Студенти | 71 | 10.31 | 4.03 | 104 | -4.77** |
| | Средношколци | 35 | 14.66 | 4.60 | | |
| Субмисивност | Студенти | 71 | 9.54 | 4.02 | 104 | -2.07* |
| | Средношколци | 35 | 11.57 | 5.08 | | |
| Пожртвуваност | Студенти | 71 | 15.30 | 5.93 | 104 | -1.63 |
| | Средношколци | 35 | 17.20 | 5.50 | | |
| Емоционална инхибираност | Студенти | 71 | 11.92 | 5.27 | 104 | -3.75** |
| | Средношколци | 35 | 16.34 | 5.92 | | |
| Ригидност | Студенти | 71 | 14.70 | 5.97 | 104 | -2.32* |
| | Средношколци | 35 | 17.51 | 5.82 | | |
| Право | Студенти | 71 | 13.59 | 5.31 | 104 | -1.35 |
| | Средношколци | 35 | 15.20 | 5.97 | | |
| Недоволна самоконтрола | Студенти | 71 | 12.21 | 4.63 | 104 | -2.52** |
| | Средношколци | 35 | 15.06 | 5.85 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти кои ја перцепираат мајката како повеќе контролирачка во однос на раните маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики во шемите:

- ✓ Напуштање $t(104)=-2.21, p<0.05$;
- ✓ Недоверба $t(104)=-2.35, p<0.01$;
- ✓ Социјална изолација $t(104)=-2.56, p<0.01$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(104)=-2.75, p<0.01$;
- ✓ Неуспех $t(104)=-2.08, p<0.05$;
- ✓ Зависност $t(104)=-1.76, p<0.05$;
- ✓ Ранливост $t(104)=-3.38, p<0.01$;
- ✓ Симбиоза $t(104)=-4,77, p<0.01$;
- ✓ Субмисивност $t(104)=-2.07, p<0.05$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(104)=-3.75, p<0.01$;
- ✓ Ригидност $t(104)=-2.32, p<0.05$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(104)=-2.52, p<0.05$;

Табела 12 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти кои го перцепираат таткото како повеќе грижлив во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Студенти | 64 | 8.88 | 4.63 | 127 | 0.84 |
| | Средношколци | 65 | 8.25 | 3.84 | | |
| Напуштање | Студенти | 64 | 13.47 | 9.79 | 127 | -0.88 |
| | Средношколци | 65 | 14.78 | 6.89 | | |
| Недоверба | Студенти | 64 | 12.59 | 4.53 | 127 | -2.40** |
| | Средношколци | 65 | 14.68 | 5.32 | | |
| Социјална изолација | Студенти | 64 | 10.02 | 4.72 | 127 | -1.36 |
| | Средношколци | 65 | 11.18 | 4.99 | | |
| Дефектност/критицизам | Студенти | 64 | 7.58 | 3.40 | 127 | -2.10* |
| | Средношколци | 65 | 9.11 | 4.78 | | |
| Неуспех | Студенти | 64 | 8.92 | 4.44 | 127 | 0.21 |
| | Средношколци | 65 | 9.23 | 4.89 | | |
| Зависност | Студенти | 64 | 8.00 | 3.26 | 127 | -0.76 |
| | Средношколци | 65 | 8.51 | 4.28 | | |
| Ранливост | Студенти | 64 | 9.52 | 4.29 | 127 | -2.08* |
| | Средношколци | 65 | 11.55 | 6.56 | | |
| Симбиоза | Студенти | 64 | 10.47 | 5.01 | 127 | -1.71* |
| | Средношколци | 65 | 11.98 | 5.02 | | |
| Субмисивност | Студенти | 64 | 5.85 | 3.09 | 127 | -2.19* |
| | Средношколци | 65 | 10.11 | 4.68 | | |
| Пожртвуваност | Студенти | 64 | 16.11 | 5.16 | 127 | 0.20 |
| | Средношколци | 65 | 15.91 | 6.16 | | |
| Емоционална инхибираност | Студенти | 64 | 11.72 | 6.08 | 127 | -2.25* |
| | Средношколци | 65 | 14.46 | 7.67 | | |
| Ригидност | Студенти | 64 | 15.80 | 5.59 | 127 | -0.94 |
| | Средношколци | 65 | 16.74 | 5.79 | | |
| Право | Студенти | 64 | 13.72 | 5.78 | 127 | -0.64 |
| | Средношколци | 65 | 14.38 | 5.98 | | |
| Недоволна самоконтрола | Студенти | 64 | 11.94 | 5.13 | 127 | -2.28* |
| | Средношколци | 65 | 14.25 | 6.32 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти кои го перципираат таткото како повеќе грижлив во однос на раните маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики во шемите:

- ✓ Недоверба $t(127)=-2.48$, $p<0.01$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(127)=-2.10$, $p<0.05$;
- ✓ Ранливост $t(127)=-2{,}08$, $p<0.05$;
- ✓ Симбиоза $t(127)=-1.71$, $p<0.05$;
- ✓ Субмисивност $t(127)=-2.19$, $p<0.05$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(127)=-2.25$, $p<0.05$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(127)=-2.28$, $p<0.05$.

Табела 13 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти кои ја перцепираат мајката како повеќе грижлива во однос на раните маладаптивни шеми.

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Студенти | 74 | 9.05 | 4.59 | 137 | 1.02 |
| | Средношколци | 65 | 8.29 | 4.20 | | |
| Напуштање | Студенти | 74 | 13.59 | 6.32 | 137 | -1.08 |
| | Средношколци | 65 | 14.78 | 6.65 | | |
| Недоверба | Студенти | 74 | 12.69 | 5.00 | 137 | -2.52** |
| | Средношколци | 65 | 14.88 | 5.22 | | |
| Социјална изолација | Студенти | 74 | 10.08 | 4.35 | 137 | -1.36 |
| | Средношколци | 65 | 11.14 | 4.81 | | |
| Дефектност/критицизам | Студенти | 74 | 7.91 | 3.79 | 137 | -1.32 |
| | Средношколци | 65 | 8.85 | 4.51 | | |
| Неуспех | Студенти | 74 | 9.12 | 4.55 | 137 | 0.46 |
| | Средношколци | 65 | 8.72 | 5.55 | | |
| Зависност | Студенти | 74 | 7.86 | 3.29 | 137 | -0.78 |
| | Средношколци | 65 | 8.35 | 4.04 | | |
| Ранливост | Студенти | 74 | 9.62 | 3.99 | 137 | -2.16* |
| | Средношколци | 65 | 11.55 | 6.17 | | |
| Симбиоза | Студенти | 74 | 9.86 | 4.49 | 137 | -2.59** |
| | Средношколци | 65 | 11.94 | 4.93 | | |
| Субмисивност | Студенти | 74 | 9.08 | 3.05 | 137 | -1.07 |
| | Средношколци | 65 | 9.74 | 4.05 | | |
| Пожртвуваност | Студенти | 74 | 16.46 | 5.45 | 137 | 0.69 |
| | Средношколци | 65 | 15.78 | 6.08 | | |
| Емоционална инхибираност | Студенти | 74 | 11.88 | 5.80 | 137 | -2.25* |
| | Средношколци | 65 | 14.48 | 7.57 | | |
| Ригидност | Студенти | 74 | 15.62 | 5.62 | 137 | -1.28 |
| | Средношколци | 65 | 16.85 | 5.70 | | |
| Право | Студенти | 74 | 13.46 | 5.37 | 137 | -0.96 |
| | Средношколци | 65 | 14.38 | 5.91 | | |
| Недоволна самоконтрола | Студенти | 74 | 12.92 | 5.59 | 137 | -1.15 |
| | Средношколци | 65 | 14.05 | 5.97 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти  кои ја перцепираат мајката како повеќе грижлива во однос на варијаблата рани маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики во шемите:

- ✓ Недовербat(137)=-2.52, p<0.01;
- ✓ Ранливост  t(137)=-2.16, p<0.05;
- ✓ Симбиоза  t(137)=-2.59, p<0.01;
- ✓ Емоционална инхибираност t(137)=-2.25, p<0.05;

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека *Хипотеза 2* која гласи: средношколците кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки имаат поизразени рани маладаптивни шеми од студентите кои ги перципираат родителите како повеќе контролирачки, додека помеѓу средношколците и студентите кои ги перципираат родителите како погрижливи не постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми *е делумно потврдена* односно:

*-Средношколците кои го перципираат таткото како повеќе контролирачки од студентите, изразени и статистички значајни разлики се јавуваат на раните маладаптивни шеми: напуштање, недоверба , социјална изолација, дефектност/критицизам, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност, ригидност, право и недоволна самоконтрола. Добиените разлики се во корист на средношколците.*

*-Средношколците кои ја перципираат мајката како повеќе контролирачка од студентите, изразени и статистички значајни разлики се јавуваат на раните маладаптивни шеми: напуштање, недоверба , социјална изолација, дефектност/критицизам, неуспех, зависност, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност, ригидност и недоволна самоконтрола. Добиените разлики се во корист на средношколците.*

*-Кај средношколците и студентите кои го перципираат таткото како погрижлив не постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми. Статистички незначајни разлики се добиени за шемите: емоционална депривација, напуштање, социјална изолација, неуспех, зависност, пожртвуваност, ригидност и право;*

*-Кај средношколците и студентите кои ја перципираат мајката како погрижлива не постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми. Статистички незначајни разлики се добиени за шемите: емоционална депривација, напуштање, социјална изолација, дефектност/критицизам, неуспех, зависност, субмисивност пожртвуваност, ригидност, право и недоволна самоконтрола.*

*Хипотеза 3:* Кај средношколците и студентите кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми, за разлика од средношколците и студените кои се сигурно приврзани за родителите.

За тестирање на разлики во средните постигнување на средношколците и студентите со сигурен и несигурен образец во однос на варијаблата малдаптивни шеми користен е *t-тест за големи мостри*.

Резултатите од тестирањето на Хипотеза 3 се дадени во Табела 14 и Табела 15

Табела 14 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти со несигурна и сигурна приврзаност со мајката во однос на varijаблата рани маладаптивни шеми.

| Рани маладптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Сигурен | 146 | 8.77 | 4.39 | 182 | -3.24** |
| | Несигурен | 38 | 12.34 | 6.41 | | |
| Напуштање | Сигурен | 146 | 13.79 | 6.37 | 182 | -0.14 |
| | Несигурен | 38 | 13.97 | 7.24 | | |
| Недоверба | Сигурен | 146 | 12.86 | 4.69 | 182 | -2.30* |
| | Несигурен | 38 | 15.68 | 7.18 | | |
| Социјална изолација | Сигурен | 146 | 10.26 | 4.34 | 182 | -2.01* |
| | Несигурен | 38 | 12.47 | 6.42 | | |
| Дефектност/критицизам | Сигурен | 146 | 7.94 | 3.60 | 182 | -2.79** |
| | Несигурен | 38 | 10.74 | 5.91 | | |
| Неуспех | Сигурен | 146 | 8.55 | 4.45 | 182 | -1.56 |
| | Несигурен | 38 | 10.32 | 6.58 | | |
| Зависност | Сигурен | 146 | 8.11 | 3.71 | 182 | -1.73* |
| | Несигурен | 38 | 9.32 | 3.86 | | |
| Ранливост | Сигурен | 146 | 10.38 | 5.31 | 182 | -0.91 |
| | Несигурен | 38 | 11.29 | 5.59 | | |
| Симбиоза | Сигурен | 146 | 10.96 | 4.89 | 182 | -0.17 |
| | Несигурен | 38 | 10.97 | 4.80 | | |
| Субмисивност | Сигурен | 146 | 9.47 | 3.78 | 182 | -1.49 |
| | Несигурен | 38 | 10.82 | 5.21 | | |
| Пожртвуваност | Сигурен | 146 | 15.63 | 5.44 | 182 | -0.44 |
| | Несигурен | 38 | 16.18 | 7.17 | | |
| Емоционална инхибираност | Сигурен | 146 | 12.51 | 6.46 | 182 | -1.04 |
| | Несигурен | 38 | 13.68 | 6.12 | | |
| Ригидност | Сигурен | 146 | 15.79 | 5.57 | 182 | -0.44 |
| | Несигурен | 38 | 16.32 | 6.67 | | |
| Право | Сигурен | 146 | 13.50 | 5.47 | 182 | -1.74* |
| | Несигурен | 38 | 15.47 | 6.40 | | |
| Недоволна самоконтрола | Сигурен | 146 | 12.81 | 5.56 | 182 | -2.09* |
| | Несигурен | 38 | 15.03 | 5.89 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна и несигурна социоемоционална приврзаност со мајката во однос на варијаблата рани маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики за шемите:

- ✓ Емоционална депривација $t(182)=-3.24$, $p<0.05$;
- ✓ Недоверба $t(182)=-2.30$, $p<0.05$,
- ✓ Социјална изолација $t(182)=-2.01$, $p<0.05$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(182)=-2.79$, $p<0.01$;
- ✓ Зависност $t(182)=1.73$, $p<0.05$;
- ✓ Право $t(182)=-1.74$, $p<0.05$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(182)=-2.09$, $p<0.05$;

Табела 15 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања кај средношколци и студенти со несигурна и сигурна приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Сигурен | 128 | 8.93 | 4.43 | 182 | - |
| | Несигурен | 56 | 10.84 | 6.13 | | 2.10* |
| Напуштање | Сигурен | 128 | 14.20 | 6.39 | 182 | 1.13 |
| | Несигурен | 56 | 12.98 | 6.86 | | |
| Недоверба | Сигурен | 128 | 13.47 | 4.80 | 182 | 0.10 |
| | Несигурен | 56 | 13.78 | 6.63 | | |
| Социјална изолација | Сигурен | 128 | 10.55 | 4.46 | 182 | -0.61 |
| | Несигурен | 56 | 11.09 | 5.82 | | |
| Дефектност/критицизам | Сигурен | 128 | 8.20 | 3.67 | 182 | -1.32 |
| | Несигурен | 56 | 9.25 | 5.47 | | |
| Неуспех | Сигурен | 128 | 8.95 | 5.08 | 182 | 0.17 |
| | Несигурен | 56 | 8.82 | 4.84 | | |
| Зависност | Сигурен | 128 | 8.43 | 3.86 | 182 | 0.40 |
| | Несигурен | 56 | 8.20 | 3.55 | | |
| Ранливост | Сигурен | 128 | 10.73 | 5.49 | 182 | 0.64 |
| | Несигурен | 56 | 10.20 | 5.09 | | |
| Симбиоза | Сигурен | 128 | 11.42 | 4.65 | 182 | 1.87* |
| | Несигурен | 56 | 9.91 | 5.19 | | |
| Субмисивност | Сигурен | 128 | 9.73 | 3.89 | 182 | -0.72 |
| | Несигурен | 56 | 9.78 | 4.69 | | |
| Пожртвуваност | Сигурен | 128 | 15.88 | 5.46 | 182 | 0.43 |
| | Несигурен | 56 | 15.45 | 6.61 | | |
| Емоционална инхибираност | Сигурен | 128 | 13.22 | 6.71 | 182 | 1.61 |
| | Несигурен | 56 | 11.70 | 5.52 | | |
| Ригидност | Сигурен | 128 | 16.49 | 5.60 | 182 | 2.04* |
| | Несигурен | 56 | 14.55 | 6.07 | | |
| Право | Сигурен | 128 | 13.71 | 5.48 | 182 | -0.67 |
| | Несигурен | 56 | 14.36 | 6.23 | | |
| Недоволна самоконтрола | Сигурен | 128 | 13.20 | 5.46 | 182 | -0.24 |
| | Несигурен | 56 | 13.43 | 6.20 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна приврзаност со таткото и несигурна приврзаност со таткото во однос на варијаблата рани маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики на:

- ✓ Емоционална депривација $t(182)=-2.10$, $p<0.05$;
- ✓ Симбиоза $t(182)=1.87$, $p<0.05$;
- ✓ Ригидност $t(182)=2.04$, $p<0.05$;

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека *Хипотеза 3* која гласи: кај средношколците и студентите кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми, за разлика од средношколците и студените кои се сигурно приврзани за родителите*е делумно потврдено* односно:

*-Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна социемоционална приврзаност со мајката и несигурна социоемоционална приврзаност со мајката во однос на раните малсдаптивни шеми, статистички значајни разлики во корист на средношколци и студенти со несигурна социоемоционална приврзаност се добиени на шемите: емоционална депривација, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, зависност, право и недоволна самоконтрола. На останатите шеми разликата е статистички незначајна;*

*-Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна социоемоционална приврзаност со таткото и несигурна социоемоционална приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми, статистички значајни разлики во корист на средношколци и студенти со несигурна социоемоционална приврзаност се добиени на шемите: емоционална депривација, симбиоза и ригидност. На останатите шеми разликата е статистички незначајна.*

*Хипотеза 4:* Кај средношколците кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми за разлика од студентите кои се несигурно приврзани за родителите, додека кај средношколците и студентите кои се сигурно приврзани за родителите не постојат разлики во изразеноста на маладаптивните шеми.

Резултатите од тестирањето на Хипотеза 4 се дадени во Табелите 16, 17, 18и 19.

Во Табела 16 и Табела 17 тестирана е разликата во средните постигнувања на средношколци и студенти со несигурна социоемоционална приврзаност, а Табела 16 и Табела 17 разлика помеѓу средношколци и студенти со сигурна социемоционална приврзаност.

Во Табела 16 и 17 групите на средношколци и студенти кои се со несигура социоемоционална приврзаност спаѓаат во мала мостра и истите се тестирани за хомогеност со помош на F тест. Резултатите од тестирањето укажуваат дека групите се хомогени.

Табела 16 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти со несигурна социемоционална приврзаност со мајката во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *F* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална | Средношколци | 11 | 12.27 | 4.34 | 0.37 | 36 | -0.04 |
| депривација | Студенти | 27 | 12.37 | 7.15 | | | |
| Напуштање | Средношколци | 11 | 16.27 | 7.95 | 1.34 | 36 | 1.22 |
| | Студенти | 27 | 13.04 | 6.87 | | | |
| Недоверба | Средношколци | 11 | 18.82 | 6.01 | 0.67 | 36 | 1.72* |
| | Студенти | 27 | 14.41 | 7.33 | | | |
| Социјална изолација | Средношколци | 11 | 12.30 | 6.86 | 1.61 | 36 | -0.28 |
| | Студенти | 27 | 12.91 | 5.41 | | | |
| Дефектност/критицизам | Средношколци | 11 | 11.82 | 6.49 | 1.29 | 36 | 0.69 |
| | Студенти | 27 | 10.30 | 5.72 | | | |
| Неуспех | Средношколци | 11 | 13.73 | 7.92 | 2.06 | 36 | 2.07* |
| | Студенти | 27 | 8.92 | 5.52 | | | |
| Зависност | Средношколци | 11 | 10.79 | 3.74 | 0.96 | 36 | 1.47 |
| | Студенти | 27 | 8.74 | 3.82 | | | |
| Ранливост | Средношколци | 11 | 14.09 | 6.66 | 1.95 | 36 | 1.99* |
| | Студенти | 27 | 10.15 | 4.77 | | | |
| Симбиоза | Средношколци | 11 | 13.09 | 4.57 | 0.95 | 36 | 1.74* |
| | Студенти | 27 | 10.11 | 4.70 | | | |
| Субмисивност | Средношколци | 11 | 14.09 | 6.27 | 2.28 | 36 | 2.58** |
| | Студенти | 27 | 9.48 | 4.15 | | | |
| Пожртвуваност | Средношколци | 11 | 18.27 | 6.84 | 0.89 | 36 | 1.12 |
| | Студенти | 27 | 15.33 | 7.25 | | | |
| Емоционална | Средношколци | 11 | 16.73 | 6.92 | 1.63 | 36 | 1.98* |
| инхибираност | Студенти | 27 | 12.44 | 5.42 | | | |
| Ригидност | Средношколци | 11 | 18.45 | 6.01 | 0.77 | 36 | 1.24 |
| | Студенти | 27 | 15.44 | 6.84 | | | |
| Право | Средношколци | 11 | 15.82 | 5.69 | 0.71 | 36 | 0.21 |
| | Студенти | 27 | 15.33 | 6.76 | | | |
| Недоволна | Средношколци | 11 | 19.09 | 5.82 | 1.28 | 36 | 2.91** |
| самоконтрола | Студенти | 27 | 13.37 | 5.14 | | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти со несигурна социемоционална приврзаност со мајката во однос на раните маладаптивни се добиени статистички значајни разлики на:

- ✓ Недоверба $t(36)=1.72, p<0.05$;
- ✓ Неуспех $t(36)=2.07, p<0.05$;
- ✓ Ранливост $t(36)=1.99, p<0.05$;
- ✓ Симбиоза $t(36)=1.74, p<0.05$;
- ✓ Субмисивност $t(36)=2.58, p<0.01$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(36)= 1.98, p<0.05$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(36)= 2.91, p<0.01$;

Табела 17 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти со несигурна социоемоционална приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална | Средношколци | 12 | 10.83 | 6.36 | 54 | -0.01 |
| депривација | Студенти | 44 | 10.84 | 6.14 | | |
| Напуштање | Средношколци | 12 | 12.00 | 7.50 | 54 | -0.52 |
| | Студенти | 44 | 13.25 | 6.74 | | |
| Недоверба | Средношколци | 12 | 15.25 | 7.05 | 54 | 1.06 |
| | Студенти | 44 | 12.86 | 6.50 | | |
| Социјална изолација | Средношколци | 12 | 12.58 | 6.43 | 54 | 0.93 |
| | Студенти | 44 | 10.68 | 5.65 | | |
| Дефектност/критицизам | Средношколци | 12 | 12.00 | 7.74 | 54 | 1.50 |
| | Студенти | 44 | 8.50 | 4.51 | | |
| Неуспех | Средношколци | 12 | 10.00 | 5.26 | 54 | 0.89 |
| | Студенти | 44 | 8.50 | 4.74 | | |
| Зависност | Средношколци | 12 | 7.83 | 2.86 | 54 | -0.47 |
| | Студенти | 44 | 8.30 | 3.74 | | |
| Ранливост | Средношколци | 12 | 13.42 | 7.63 | 54 | 1.80* |
| | Студенти | 44 | 9.32 | 3.81 | | |
| Симбиоза | Средношколци | 12 | 12.33 | 6.33 | 54 | 1.57 |
| | Студенти | 44 | 9.25 | 4.71 | | |
| Субмисивност | Средношколци | 12 | 11.42 | 6.54 | 54 | 1.05 |
| | Студенти | 44 | 9.34 | 4.03 | | |
| Пожртвуваност | Средношколци | 12 | 14.92 | 6.39 | 54 | -0.32 |
| | Студенти | 44 | 15.59 | 6.73 | | |
| Емоционална | Средношколци | 12 | 13.83 | 7.33 | 54 | 1.21 |
| инхибираност | Студенти | 44 | 11.11 | 4.86 | | |
| Ригидност | Средношколци | 12 | 15.83 | 6.25 | 54 | 0.81 |
| | Студенти | 44 | 14.20 | 6.04 | | |
| Право | Средношколци | 12 | 16.42 | 5.04 | 54 | 1.50 |
| | Студенти | 44 | 13.80 | 6.45 | | |
| Недоволна | Средношколци | 12 | 15.42 | 7.34 | 54 | 1.10 |
| самоконтрола | Студенти | 44 | 12.89 | 5.83 | | |

$^{*}p<.05$, $^{**}p<.01$

Помеѓу групите на средношколци и студенти со несигурна социоемоционална приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми е добиена статистички значајна разлика само на шемата *ранливост* $t(54)=1.80$, $p<0.05$. На сите останати шеми како што може да се види во Табела број 17 се добиени незначајни разлики.

Табела 18–Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти со сигурна социоемоционална приврзаност со мајката во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | *N* | *M* | *SD* | *df* | *t* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Средношколци | 65 | 8.42 | 4.50 | 144 | -0.87 |
| | Студенти | 81 | 9.06 | 4.31 | | |
| Напуштање | Средношколци | 65 | 14.63 | 6.69 | 144 | 1.42 |
| | Студенти | 81 | 13.11 | 6.06 | | |
| Недоверба | Средношколци | 64 | 14.26 | 4.73 | 144 | 3.32** |
| | Студенти | 81 | 11.73 | 4.38 | | |
| Социјална изолација | Средношколци | 65 | 10.26 | 4.34 | 144 | -1.46 |
| | Студенти | 81 | 11.38 | 4.92 | | |
| Дефектност/критицизам | Средношколци | 65 | 8.83 | 4.28 | 144 | 2.63** |
| | Студенти | 81 | 7.22 | 2.75 | | |
| Неуспех | Средношколци | 64 | 8.54 | 4.92 | 144 | -0.03 |
| | Студенти | 81 | 8.56 | 4.06 | | |
| Зависност | Средношколци | 65 | 8.52 | 4.32 | 144 | 0.92 |
| | Студенти | 81 | 7.78 | 3.13 | | |
| Ранливост | Средношколци | 65 | 11.74 | 6.32 | 144 | 2.72** |
| | Студенти | 81 | 9.28 | 4.04 | | |
| Симбиоза | Средношколци | 64 | 12.32 | 4.99 | 144 | 3.08** |
| | Студенти | 81 | 9.86 | 4.55 | | |
| Субмисивност | Средношколци | 65 | 9.95 | 4.17 | 144 | 1.34 |
| | Студенти | 81 | 9.09 | 3.41 | | |
| Пожртвуваност | Средношколци | 65 | 15.51 | 5.79 | 144 | -0.24 |
| | Студенти | 81 | 15.73 | 5.17 | | |
| Емоционална инхибираност | Средношколци | 64 | 14.28 | 7.42 | 144 | 2.93** |
| | Студенти | 81 | 11.10 | 5.20 | | |
| Ригидност | Средношколци | 65 | 16.72 | 5.40 | 144 | 1.82* |
| | Студенти | 81 | 15.05 | 5.62 | | |
| Право | Средношколци | 65 | 14.31 | 5.77 | 144 | 1.59 |
| | Студенти | 81 | 12.85 | 5.16 | | |
| Недоволна самоконтрола | Средношколци | 64 | 13.62 | 5.73 | 144 | 1.57 |
| | Студенти | 81 | 12.16 | 5.36 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна социоемоционална приврзаност со мајката во однос на раните маладаптивни шеми се добиени статистички значајни разлики на шемите:

- ✓ Недоверба $t(144)=3,32$, $p<0.01$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(144)=2.63$, $p<0.01$;
- ✓ Ранливост $t(144)=2.72$, $p<0.01$;
- ✓ Симбиоза $t(144)=3.08$, $p<0.01$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(144)= 2,93$, $p<0.01$;
- ✓ Ригидност $t(144)=1.82$, $p<0.05$;

Табела 19 – Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу средношколци и студенти со сигурна социоемоционална приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми

| Рани маладаптивни шеми | Испитаници | N | M | SD | df | t |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална депривација | Средношколци | 64 | 8.62 | 4.23 | 123 | -0.78 |
| | Студенти | 64 | 9.23 | 4.62 | | |
| Напуштање | Средношколци | 64 | 15.41 | 6.65 | 123 | 2.18* |
| | Студенти | 64 | 12.98 | 5.93 | | |
| Недоверба | Средношколци | 64 | 14.86 | 4.78 | 123 | 3.41** |
| | Студенти | 64 | 12.08 | 4.43 | | |
| Социјална изолација | Средношколци | 64 | 11.42 | 4.71 | 123 | 2.23* |
| | Студенти | 64 | 9.69 | 4.06 | | |
| Дефектност/критицизам | Средношколци | 64 | 8.75 | 3.81 | 123 | 1.73* |
| | Студенти | 64 | 7.64 | 3.46 | | |
| Неуспех | Средношколци | 64 | 9.16 | 5.80 | 123 | 0.46 |
| | Студенти | 64 | 8.75 | 4.28 | | |
| Зависност | Средношколци | 64 | 9.03 | 4.50 | 123 | 1.77* |
| | Студенти | 64 | 7.83 | 3.01 | | |
| Ранливост | Средношколци | 64 | 11.83 | 6.16 | 123 | 2.31* |
| | Студенти | 64 | 9.62 | 4.52 | | |
| Симбиоза | Средношколци | 64 | 12.45 | 4.66 | 123 | 2.56** |
| | Студенти | 64 | 10.39 | 4.44 | | |
| Субмисивност | Средношколци | 64 | 10.39 | 4.34 | 123 | 1.69* |
| | Студенти | 64 | 9.08 | 3.28 | | |
| Пожртвуваност | Средношколци | 64 | 16.09 | 5.94 | 123 | 0.44 |
| | Студенти | 64 | 15.66 | 4.98 | | |
| Емоционална инхибираност | Средношколци | 64 | 14.78 | 7.41 | 123 | 2.69** |
| | Студенти | 64 | 11.66 | 5.56 | | |
| Ригидност | Средношколци | 64 | 17.19 | 5.35 | 123 | 1.44 |
| | Студенти | 64 | 15.80 | 5.79 | | |
| Право | Средношколци | 64 | 14.17 | 5.84 | 123 | 0.95 |
| | Студенти | 64 | 13.25 | 5.10 | | |
| Недоволна самоконтрола | Средношколци | 64 | 14.22 | 5.80 | 123 | 2.16* |
| | Студенти | 64 | 12.17 | 4.95 | | |

$^{*}p<.05$, $^{**}p<.01$

Помеѓу групите на средношколци и студенти со сигурна социоемоционална приврзаност со таткото во однос на раните маладаптивни шеми, се добиени статистички значајни разлики на шемите:

- ✓ Напуштање $t(123)=2.18$, $p<0.05$;
- ✓ Недоверба разлика $t(123)=3.41$, $p<0.01$;
- ✓ Социјална изолација $t(123)=2.23$, $p<0.05$;
- ✓ Дефектност/критицизам $t(123)=1.73$, $p<0.05$;
- ✓ Зависност $t(123)=1.77$, $p<0.05$;
- ✓ Ранливост $t(123)=2.31$, $p<0.05$;
- ✓ Симбиоза $t(123)=2.56$, $p<0.01$;
- ✓ Субмисивност $t(123)=1.69$, $p<0.05$;
- ✓ Емоционална инхибираност $t(123)=2.69$, $p<0.01$;
- ✓ Недоволна самоконтрола $t(123)=2.16$, $p<0.05$;

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека *Хипотеза 4* која гласи: кај средношколците кои се несигурно приврзани за родителите се јавува и повисока изразеност на раните маладаптивни шеми за разлика од студентите кои се несигурно приврзани за родителите, додека кај средношколците и студентите кои се сигурно приврзани за родителите не постојат разлики во изразеноста на маладаптивните шеми*е делумно потврдена* односно:

*-За несигурна социоемоционална приврзаност со мајката статистички значајна разлика во корист на средношколците е добиена за раните маладаптивни шеми: недоверба, неуспех, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност и недоволна самоконтрола. На останатите шеми разликата е статистички незначајна;*

*--За несигурна социоемоционална приврзаност со таткото статистички значајна разлика во корист на средношколците е добиена само за шемата ранливост. На останатите рани маладаптивни шеми разликата е статистички незначајна;*

*-За сигурна социемоционална приврзаност со мајката статистички незначајни разлики се добиени на раните маладаптивни: емоционална депривација, напуштање, социјална изолација, неуспех, зависност, субмисивност, пожртвуваност, право и недоволна самоконтрола. На останатите шеми добиени се статистички значајни разлики;*

*-За сигурна социеноционална приврзаност со таткото се добиени статистички незначајни разлики на раните маладаптивни шеми: емоционална депривација, неуспех, пожртвуваност, ригидност и право. На останатите шеми добиени се статистички значајни разлики;*

*Хипотеза 5:* Средношколците и студентите од албанска етничка припадност ги перцепираат нивните родители како повеќе контролирачки, за разлика од средношколците и студентите од македонска етничка припадност кои ги перцепираат нивните родители како погрижливи.

За споредување на студенти и средношколци од македонска и албанска етничка припадност во однос на варијаблата перцепција на однесување на родителите за димензиите контрола и грижа, користен е *t- тест за големи мостри*. Резултатите од направеното споредување е дадено во Табела бр.20 .

Табела 20- Резултати од тестирање на разлики во средни постигнувања помеѓу студенти и средношколци од македонска и албанска етничка припадност во однос на димензиите контрола и грижа на варијаблата перцепција на однесување на родителите.

| Димензии | Родител | Националност | N | M | SD | df | t |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Контрола | Татко | Македонци | 88 | 11.14 | 6.17 | 182 | -4.30** |
| | | Албанци | 96 | 14.79 | 5.27 | | |
| | Мајка | Македонци | 88 | 12.61 | 6.66 | 182 | -3.01** |
| | | Албанци | 96 | 15.38 | 5.38 | | |
| Грижа | Татко | Македонци | 88 | 25.15 | 8.78 | 182 | -1.45 |
| | | Албанци | 96 | 26.76 | 5.92 | | |
| | Мајка | Македонци | 88 | 30.72 | 6.86 | 182 | 1.37 |
| | | Албанци | 96 | 29.41 | 6.07 | | |

*p<.05, **p<.01

Помеѓу студентите и средношколците од македонска и албанска етничка приоадност се добиени статистички значајни разлики за димензијата контрола и кај перцепцијата на однесување на таткото $t(182)=-4.30$, $p<0.01$ и за мајката $t(182)=-3,01$, $p<0.01$. Статистички незначајни разлики се добиени за димензијата грижа кај двата родители: $t(182)=-1.45$, $p>0.05$ за перцепција на однесување на таткото и $t(182)=-1.37$, $p>0.05$ за перцепција на однесување на мајката.

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека *Хипотеза 5* која гласи: средношколците и студентите од албанска етничка припадност ги перцепираат нивните родители како повеќе контролирачки за разлика од средношколците и студентите од македонска етничка припадност кои ги перцпеираат нивните родители како погрижливи *е делумно потврдена*, односно за димензијата контрола добиена е статистички значајна разлика која е во корист на средношколците и студентите од албанска етничка припадност додека за димензијата грижа тестираната разлика не е статистички значајна.

## ДИСКУСИЈА

Ова истражување беше спроведено со цел да се открие поврзаноста помеѓу перцепцијата на родителското однесување, социоемоционалната приврзаност за родителите и неадаптивните когнитивни шеми кај 184 средношколци и студенти од македонска и албанска етничка припадноста.

Тестирањето на првата хипотеза покажа дека истата е делумно потврдена, односно дека значајна изразеност на шемите емоционална депривација, зависност, ранливост и субмисивност се јавуваат кога средношколците и студентите го перципираат однесувањето на таткото како повеќе контролирачки/помалку грижлив и помалку контролирачки/помалку грижлив од студентите и средношколците кои го перипипираат таткото како контролирачки / повеќе грижлив и помалку контролирачки и повеќе грижлив. Подеталната анализа покажува дека всушност кај групата висока контрола/ниска грижа, изразеноста на емоционалната депривација е повисока од другите групи. Ваквиот податок укажува на тоа што и самото објаснување на раните маладаптивни шеми и димензиите на контрола/грижа го дава. Односно, високата контрола бара од децата да бидат целосно послушни, да немаат простор за осамостојување и градење на лични ставови, верувања. Понекогаш ваквата контрола се одразува децата да не изразуваат страв, слабост кога се соочуваат со одредени потешкотии, а тоа може да се одразува полека и во потиснувањето на емоциите радост, пријатна возбуда, чувството на љубов и емпатија. Тоа е некаква контрадикција што самите родителите ја пренесуваат кон децата. Од една страна сакаат да се вмешаат во секој аспект од животот на детето, терајќи ги да мислат дека тие самите не се способни да бидат одговорни, но истовремено прават да се чуствуваат виновни кога грешат, кога нешто не знаат, ги казнуваат, мислејќи дека така ги подготвуваат за понатамошниот живот, ги прават посилни. Ова зависност кон родителите, понатаму може да се изрази и во градење на идеја дека треба да се покажува потчинетост кон лица кои се на повисока функција, кои покажуваат повеќе знаење, без можност и обид да им се спротивставуваат иако нешто е неточно или ако се загрозуваат нивните права (се покоруваат исто како кон родителите). Тоа се гледа и во шемата субмисивност која е повеќе изразена кај истата група. Потчинетоста потоа доведува до создавање на зависност кон

другите лица, токму кон оние што на било каков начин се однесуваат супериорно, и ниска самодоверба.

Интересен податок е добиен за групите висока контрола/висока грижа, каде изразеноста на шемите зависност, ранливост, симбиоза се сепак високи (значајни). Очекувањата беа дека кај оваа група кои го перципираат таткото со висока контрола и висока грижа, шемите нема да бидат изразени, или нема да бидат значајни. Сепак можеби заради тоа што секој испитаник поинаку ја сфаќа грижата и контролата од страна на родителите (тука таткото), и тоа што повеќето испитаници се или во средна или доцна адолесценција, каде желбата да се биде што понезависен ја перципираа и таа позитивна контрола од родителите како ограничувачка и ја доживува како причина за развој на неадаптивни шеми на мислење и однесување.

За шемите емоционална депривација, зависност и субмисивност истото е добиено и кај перцепирањето на однесувањето на мајката, односно кај тие групи кои ја перципираат мајката како повеќе контролирачка и помалку грижлива се поизразени овие шеми. Кај ова група е исто така поизразена шемата дефектност/критицизам, која не се појавува значајна кај однесувањето на таткото. Оваа шема може многу добро да биде поврзана со шемата емоционална депривација заради самото објаснување на шемата дефектност. Всушност, верувањето дека тие се дефектни, безвредни и инфериорни во однос на битни аспекти од животот е тоа што ги прави никој да не може да ги засака, односно да бидат емоционално депривирани. Инфериорноста доаѓа како резултат на трауматските искуства: детето било често казнувано, обвинето за секоја незгодна ситуација, верување дека што и да се постигне во животот сепак ќе биде безвредно.

Неочекувани резултати се добиени исто така за групата висока контрола/висока грижа за мајката, каде се покажува значајна изразеност на шемите: емоционална депривација, дефектност/критицизам и зависност. Истото објаснување кое се дава кај истата група кога е во прашање однесувањето на татктото, може да биде користено и тука. Не треба воопшто да се занемарува фактот што испитаниците се наоѓаат во период кога мислењето на пријателите е толку влијателно, што може и да го надмине

здравиот пристап на родителите кон децата. Односно, ако детето во некоја група на пријатели се чуствува емоционално депривиран, зависен, со висока критичност, тој и на најмалото покажување на одредена лутина, незадоволство од родителите може да му даде погрешна интерпретација и да создаде слика дека и нивните родтители се такви.

Споредбата на средношколците и студентите во врска со перцепирањето на однесувањето на таткото како повеќе контролирачко, покажува дека значајни разлики во корист на средношколците се појавуваат во шемите: напуштање, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност, ригидност, право на привилегираност и недоволна самоконтрола. За мајката, за димезијата контрола, разлики се најдени во 12 рани маладаптивни шеми, и тоа изразеноста е повисока во шемите: напуштање, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, неуспех, зависност, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност, ригидност, недоволна самоконтрола.

Ова ни покажува дека средношколците како популација која минува низ период на адолесценција со големи промени и кога и однесувањето на родителите се менува и некогаш знае да биде хаотично, бидејќи од една страна треба да даваат поголема слобода на децата а од друга страна сепак треба да ги насочуваат, ваквата ситуација ги погодува средношколците, со што поголем број на неадаптивни когнитивни стилови се јавуваат за разлика од студентите кои веќе имаат формиран поголем дел од нивниот карактер, се насочени кон нивниот професионален живот, имаат формирано подлабоки пријателски и романтични врски и не се толку погодени од начинот на однесување на родителите или пак на друг начин го интерпретираат однесувањето на нивните родители, го оправдуваат однесувањето кога е повеќе контролирачко, односно како повозрасна група и даваат друго значење на родителската рестриктивност кон нив. Тука особено е важно да се спомнат шемите социјалната изолација, субмисивноста, недоверба, земјаќи ја во предвид важноста на врсниците во адолесцентиот период. Разликата во изразеноста на шемите помеѓу мајката и таткото покажува дека високата контрола од страна на мајката повеќе ги погодува средношколците и во шемата неуспех и зависност (кои не се најдени

кај контролата од страна на таткото), со што се покажува дека мајката како фигура која во нашето општество има повеќе задача да се грижи за детските активности особено школските, има можност со нејзиното однесување или да му помогне на детето да се развие во области каде тој покажува афинитети и интерес или да се однесува премногу критично, да не го остави детето да донесе сопствени одлуки и да не се однесува својствено на возраста, со што се создава зависност. Ваквото однесување понатаму може да доведе детето како возрасен да избегнува области каде нема високи знаења, постојано да биде товар на други лица, со недоверба дека може да биде успешен и одговорен за себе. Од друга страна, шемата право, која се покажува статистички значајна кога таткото се однесува повеќе контролирачки, може да доведе тие деца да покажат грандиозност кон другите и висока самодоверба како заштитен механизам. Тоа значи дека детето растело во студени семејни односи, било емоционално депривирано, и неговата инфериороност ја брани со супериорност над другите, со мисла дека само така ќе може да ги контролира другите околу себе, исто како неговиот родител.

За димензијата грижа, кога е во прашање однесувањето на таткото и мајката значајни разлики во корист на средношколците се во шемите: недоверба, ранливост, симбиоза, емоционална инхибираност. Кај таткото разлики се јавуваат и кај шемите: дефектност/критицизам, субмисивност и недоволна контрола. Ваквиот податок укажува на тоа што и авторот Срна го трвди, (Srna, 1997; според Mirović, 2008) дека и грижата, ако се наоѓа во екстремна крајност (ако е претерана) може да биде штетна. Всушност овие родители, со тоа што им овозможуваат сé на нивните деца, без да дозволат самите деца да вложат труд во одредена активност, ја негуваат зависноста до таа мера што детето не може да функционира без инструкциите на родителите. Тоа може да се види особено во изразеноста на шемите симбиоза и недоволна самоконтрола. Недоволната самоконтрола доаѓа токму како резултат на разгалените деца кои кога се наоѓаат во ситуација кога не можат да бидат центар на вниманието, кога треба да изведуваат групна активност каде се почитуваат мислењата, желбите на сите, стануваат бесни, фрустрирани, со ниска толеранција, неможејќи да ги контролираат нивните импулси. Ваквите резултати се слични и со истражувањето на Мекгин, Цукор и Сандерсон

(McGinn, Cukor & Sandreson, 2005), заради тоа што и во нивното истражување кај високата контрола од страна на мајката, изразеноста на шемата субмисивност е повисока. Исто така и истражувањето на Харис и Куртин (Harris & Curtin, 2002) покажува дека четири шеми: дефектност, недоволна самоконтрола, ранливост, некомпетентност се поизразени кога се зголемува димензијата на родителскиот стил-контрола.

Добиените наоди од третата хипотеза на истражувањето покажуваат дека несигурното приврзување кон мајката е делумно поврзано со појавата и степенот на изразеност на маладаптивните шеми. Значајна поврзаност се јавува кај димензиите: емоционална депривација, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, зависност, право и недоволна самоконтрола. Овие резултати се во склад со релевантното истражување на Симард, Мос и Паскузо (Simard, Moss & Pascuzzo, 2011) во една 15 годишна лонгитудинална студија со деца и адолесценти постои висока присутност на рани маладаптивни шеми со несигурна социоемоционална приврзаност за родителите, особено со експлицитни манифестации на лична вознемиреност односно недоволна самоконтрола. Слични резултати се добиени и кај истражувањето на Зафиропоулоу, Авигианоу и Василиадоу (Zafiropoulou, Avagianou & Vassiliadou, 2014) каде што позитивна корелација има помеѓу несигрното приврзување со шемите: висока критичност, социјална изолација/отуѓување, недоверба, нестабилност, што шемите се исти добиени со ова истражување. Интересно е тоа што несигурното приврзување со таткото се покажува во повисока изразеност само во три шеми: емоционална депривација, симбиоза и ригидност.

Ваквиот одговор може да се спореди со претпоставката на Боулби кој ја истакнува особено улогата на мајката во градењето на здраво социоемоционално приврзување, додека таткото го става во секундарна улога, односно дека нивната задача е подржување на жените. Од друга страна, може да се постави прашање дали ваквиот резултат се поврзува со идејата дека сеуште живееме во семејства каде за емоционалниот развој се сеуште одговорни мајките, а пак татковците се сеуште во улога на овозможување материјални средства за одржување на семејството, како што е случај со

латино- американските семејства во истражувањето на Рамирес и Кастанеда (Ramires & Castaneda, 1974).

Фактот што емоционалната депривација се појавува како значајно поврзана со несигурното социоемоционално приврзување и со мајката и со таткото, и тоа не само во ова студија, туку и во другите, ни покажува колку е значајно одговарањето на потребите на детето со топлина, внимание, подршка и како тоа се одразува понатаму во животот. Ваквиот недостаток секако дека се одразува во градењето на други социјални контакти (отвореност или инхибиција), каде личноста чувствувајќи празнина во себе и со неможност да одредува зошто нешто секогаш и недостасува, во него се раѓа недоверба кон другите или пак претерана зависност од другите. Ова покажува дека не случајно шемата емоционална депривација се појавува како прва на листата на рани маладаптивни шеми, заради самата значајност на емоционалниот контакт, кој можеби е и единствен начин на комуникација во првите фази на развојот и на потешкотиите кои можат да поттекнуваат кога таа врска е дисфункционална.

Споредувајќи ги средношколците и студентите кои се несигурно приврзани со мајката и таткото во четвртата хипотеза, обработката покажува дека кај средношколците кои се несигурно приврзани со мајката постои повисоко ниво на раните маладаптивни шеми: недоверба, неуспех, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност и недоволна самоконтрола за разлика од студентите. На останатите димензии разликата е статистички незначајна.

Добиените резултати можат да се поврзуваат пак со периодот адоелесценцијата како кај Хипотезата број 2 како најостелив период во развојот на личноста, каде најмногу се одразува начинот на кој родителите до тогаш ги граделе нивните врски со децата, како ги изразувале нивните емоции и како се соочувале со емоционални проблеми. Бидејќи, како што е споменато во теортескиот дел, секој адолесцент веќе е член на некоја група, клика, односно има изградено мрежа на пријателство, тука доаѓа во израз колку тој ќе подлежи на групните барања, стандарди (особено кога се тие негативни- вклучување во деликвентно однесување), односно колку ќе доаѓа до израз

шемата сумбмисивност. Друго објаснение може да се даде за шемата неуспех или симбиоза, со тоа што како што секој адолесцент станува се повеќе свесен за својот изглед и за неговото однесување, толку повеќе се споредува со други врсници околу себе, особено со оние  што ги гледа како идоли, како совршени. Тука може да дојде до развој на шемата неуспех, ако родителите не му покажувале на детето дека тоа е посебно, дека секој има своја индивидуалност и дека треба да се прифати каков што е и да работи на себе за да биде најдобар што може да биде без многу споредби. Така адолесцентот ќе гради когнитивен модел внатре во себе дека никогаш нема да биде доволно добар и постојано ќе вложува труд да биде ист како другите (изразеност на шемата симбиоза), а никогаш да се истакне во некое поле. И во ова хипотеза, разликата за несигурното приврзување со таткото се одразува само во шемата ранливост кај средношколците, додека кај другите шеми разликата е незначајна, што значи дека средношколците за разлика од студентите се однесуваат повеќе заштитнички и повеќе се плашат за нивната безбедност и на другите околу нив, постојано плашејќи се дека ќе доживеат некоја несереќа, болест, природна катастрофа кога се несигурно приврзани.  Заради ова, ваквите адолесценти ги потценуваат своите способности за соочување со поголеми проблеми, бидејќи и никогаш не добиле доволно љубов и подршка од родителот за развивање на истите, секогаш живеејќи во голема анксиозност и страв за себе. Фактот што со шемата се јавува кога привзраноста е несгурна со таткото може повторно да се објасни преку системот на градење семејни односи и улоги во нашата околина, каде таткото е тој што треба да се грижи децата да бидат заштитени од надворешни повреди и несреќи.

Вториот дел на четвртата хипотеза исто така е делумно потврден, бидејќи сепак во одредени шеми постојат разлики помеѓу средношколците и студентите дури и кога поврзаноста е сигурна и со таткото и со мајката. Тоа на пример се гледа во шемите: недоверба, дефектност/критицизам, ранливост, симбиоза, емоционална инхибираност, ригидност, напуштање, социјална изолација, зависност, недоволна самоконтрола. Врз основа на тоа, може да се постави прашањето зошто и кога постои сигурна социоемоционална врска сепак да се добие разлика помеѓу две групи, односно дали постои некој друг фактор што во одреден момент може да биде посилен од емоционалното

приврзување со родителите и да влијае на повисоката изразеност на шемите. Имајќи во предвид дека во истражувањето се вклучени адолесценти (средношколци), може да се даде објаснение дека врсничката група, пријатели или пошироко опкружување (учители, соседство) имаат големо влијание врз секојдневното функциониарње на еден адолесцент, па тие на некој начин може да бидат фактор за поединецот да доживее некое трауматско искуство (да биде неприфатен од одредена група, исмејуван заради физичкиот изглед, да подлежи на претерано строги правила од наставниците), и со тоа да дојде до израз на пример на шемата недоверба, социјална изолација, ригидност, ранливост. Ова ни покажува колку е важна Феноменологијата и теоријата на еколошки системи која ги зема во предвид разновидните индивидуално-контекстуални интеракции како целокупни контрибутори на изворите и патиштата на продуктивни и помалку продуктивни стратегии за справување. Контекстуалните интеракции можат да служат за објаснување зошто и кога е воспоставена сигурна врска во нуклеарното семејство, сепак може да дојде до повисока изразеност на неадаптивните когнитивни стилови односно детето (личноста) може да стане неимунизиран од некои други пошироки негативни социјални влијанија за кои и самите родители можеби и не се запознаени.

Анализирајќи ја петтата хипотеза која тврдеше дека постојат разлики помеѓу средношколците и студентите Албанци и Македонци во однос на перцепцијата на родителското однесување, наодите покажуваат дека разликите постојат само за димензијата контрола и кај перцепцијата на однесувањето на таткото и за мајката , но не и за димензијата грижа каде резултатот е незначаен.

Ваквиот наод е во склад со истражувањето на Фрицханд, Мировиќ и Хаџиќ (Fritzhand, Mirović & Hadzič, 2016) каде адолесцентите и младите возрасни Македонци ги перцепираат нивните родители како повеќе контролирачки од адолесцентите и младите возрасни Срби. Споредувајќи ги овие резултати, може да се каже дека како што Србите се повеќе се стремат да живеат по западниот дух и се поразвиени како општество на економски, социјален, културен аспект, односно повеќе се стремат кон слобода и осамостојување на рани години, така и Македонците споредено со Албанците се некаде на повисоко ниво во врска со развојот на личноста како одговорен за

своите постапки со повисока слобода за одлучување, бидејќи за разлика од Албанците во Македонија тие се мнозинство во државата и во повеќето аспекти како што се образование, работни места, социјален живот се поразвиени и работат само на подобрување на истите. Од друга страна Албанците сеуште се во фаза на градење на истите и можеби и се соочуваат со страв дека на некој начин ќе се губи нивниот идентитет и култура, што се одразува и во начинот на одгледување на децата-повисока контрола на нивниот живот. Наодите одат во прилог и со истражувањето на Кениг (2006) за неколку димензии на културата според Хостедовиот модел, каде било добиено дека Албанците се помаскулини од Македонците со што може да се каже дека уште постои тој систем на повисока контрола и во семејните односи. И во однос на разликите во моќ (според Кениг, 2006), адолесцентите Албанци помалку слободно се изразувале кога биле во комуникација со врсниците и многу помалку се вклучиле во експериментирање на ризично однесување. И ваквиот резултат може да послужи за објаснување зошто и во оваа студија Албанците ги перцепираат нивните родители повеќе контролирачки од Македонците.

Сепак, потребно е да се прават и други истражувања за да се разбере дали адолесцентите и студентите Албанци ја перцепираат родителската контрола како недостаток на љубов од родителите или пак е спротивното. Односно да се расчисти прашањето дали постојат различни социо-нормативни основи за родителска контрола, и всушност дали се мерат две независни димензии на родителска практика (љубов, одвоена од контрола). Ова важи исто така и за димензијата грижа во првата и втората хипотеза, каде се појавува повисока изразеност на одредени шеми кај средношколците и кога перцепцијата на однесувањето на родителите е погрижливо. Ваквите наоди можат да укажуваат на тоа дека можеби перцепцијата на грижа од родителите се менува со текот на времето, и можеби различно се дефинира во различни семејства. На пример ако за одредено семејство со низок економски статус, грижа може да подразбира овозможување на најбазични средства (леб, покрив над глава и др.,) , за друго семејство можеби значи овозможување на детето самоактуелизација, подржување и развој на посебни способности и др.

## Предности и слабости на истражувањето

Испитувајќи ја поврзаноста помеѓу перцепцијата на родителскиот стил мерена со инструментот Parental Bonding Instrument (PBI), социоемоционалната приврзаност за родителите мерена со инструментот Instrument of parent and peer attachment (IPPA) и неадаптивните когнитивни стилови мерени со Јанговиот инструмент за рани маладаптивни шеми, петте поставени хипотези се делумно потврдени.

Резултатите покажуваат дека изразеноста на одредени маладаптивни шеми е повисока кога родителското однесување е повеќе насочено кон контрола а помалку кога грижата е на повисоко ниво. Исто така, кога социоемоционалната приврзаност е несигурна, се јавува повисока изразеност на неколку димензии, а од особена важност се јавува во емоционалната депривација која се јавуава и кај несигурното приврзување со таткото и со мајката и кај однесувањето на двата родители како повеќе контролирачки, со што се потврдува теоријата на Џефри Јанг дека тие се создаваат рано во животот ако детето е изложено на трауматски искуства.

Исто така, се покажа дека постојат разлики во однос на димензијата контрола во перцепирањето на родителското однесување помеѓу етнички Македонци и Албанци, во корист на средношколците и студентите Албанци, но не и за димензијата грижа.

Придобивка на истражувањето е тоа што варијаблата неадаптивни конгитвни стилови мерена преку инструментот на Јанг (Young, 1998) наречен Рани маладаптивни шеми, не е многу истражуван и користен во Балканот. Друга придобивка е тоа што се вклучени испитаници од Албанска етничка припадност, и сите тестови за тој примерок се преведени внимателно на албански јазик, што можат да послужат за понтатамошни истражувања. Исто така вклучени се испитаници од различна возраст, средношколци и студенти.

Направеното истражување секако дека има свои недостатоци и како препорака е да се вклучат поголем број испитаници, бидејќи иако се вклучени 184 испитаници, сепак кога ќе се поделат во категории, бројот станува мал.

Треба да се води сметка тоа што инструментот е даден и на студенти психолози кои може да служи и како силна страна-посериозно го сфатиле одговарањето на инструментот бидејќи и самите го студираат истото, но токму заради тоа можеби ја сфатиле целта и давале пожелни одговори. Социјалните пожелни одговори може да се однесуваат и на другите испитаници.

Вклученоста на испитаниците би било добро да биде уште поразновидна, односно да се вклучуваат и други етнички групи (Турци, Роми) или да се споредуваат семејства со едно дете, вонбрачни деца, деца со самохрани мајки, да се земе предвид и образованието на родителите како варијабла во истражувањето и да се види какви разлики може да се добијат во перцепцијата на родителското однесување, социоемоционалната приврзаност и раните маладаптивни шеми.

Друга препорака би било инструментот за рани маладаптивни шеми да се користи прво во пилот тестирање, особено кај албанската популација (бидејќи за македонската популација е направено во истражувањето на Фрицханд, Litorовиќ и Хаџич (Fritzhand, Mirović & Hadzič, 2016), за да се види дали некој од ајтемите се појавува како проблематичен, односно да се направи стандардизација на истиот.

## Резиме

Целта на овој магистерски труд беше да се откријат следниве истражувачки проблеми кај 184 испитаници: дали кај средношколците и студентите кои ги перципираат нивните родители како повеќе контролирачки и помалку грижливи, помалку контролирачки и помалку грижливи има повисока изразеност на раните маладаптивни шеми од средношколците и студентите кои ги перцепираат родителите како повеќе контролирачки и погрижливи и помалку контролирачки и погрижливи, дали постојат разлики во изразеноста на раните маладаптивни шеми помеѓу средношколците и студентите кои се несигурно приврзани за нивните родители и тие кои се сигурно приврзани и дали постојат разлики во перципирањето на родителското однесување кај средношколците и студентите од албанска етничка припадност и тие од македонска етничка припадност?

Од поставените проблеми беа дефинирани пет хипотези, и за нивна обработка беа користени статистичките постапки: дескриптивни показатели за перцепцијата на родителското однесување, социоемоционалната приврзаност за родителите и раните маладаптивни шеми, t-тест за голема и за мала група, поединечни ANOVI и Post hoc со тестот LSD.

Од тестирањето на хипотезите се гледа дека за групите ниска конрола/висока грижа и висока контрола/висока грижа значајна изразеност се јавува кај шемите: емоционална депривација, дефектност/критицизам, зависност, субмисивност, ранливост, симбиоза. Субмисивноста и емоционалната депривација се поизразени кога однесувањето на таткото е повеќе контролирачко и помалку грижливо, додека симбиозата кога однесувањето се перципира како повеќе контролирачко и погрижливо. Кај мајката, емоционалната депривација е поизразена кај групите со висока контрола/ниска грижа и висока контрола/висока грижа, додека субмисивноста за разлика кај таткото, тука е изразена само кај групата која ја перципира мајката како повеќе контролирачка и помалку грижлива.

Резултатите покажуваат дека разликите помеѓу средношколците и студентите во изразеноста на раните маладаптивни шеми кога родителското однесување се перцепира како повеќе контролирачко, се најдени во шемите: напуштање, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност, ригидност, право на привилегираност , недоволна самоконтрола, , неуспех, зависност, кои се поизразени кај средношколците.

За димензијата грижа, значајни разлики во корист на средношколците се најдени во шемите: недоверба, ранливост, симбиоза, емоционална инхибираност, дефектност/критицизам, субмисивност и недоволна контрола.

Кога социоемоционалната приврзаност со родителите е несигурна, се појавува повисока изразеност на шемите: емоционална деприваација, недоверба, социјална изолација, дефектност/критицизам, зависност, право, недоволна самоконтрола, , симбиоза и ригидност.

Разликите помеѓу средношколците и студентите во изразеноста на раните маладаптивни шеми кога социоемоционалната приврзаност со родителите е несигурна се во шемите: недоверба, неуспех, ранливост, симбиоза, субмисивност, емоционална инхибираност и недоволна самоконтрола кои се повисоки кај средношколците. За сигурната социоемоциолна привразност со родителите, повисока изразеност на шемите е добиено кај средношколците, и тоа за шемите: недоверба, дефектност/критицизам, ранливост, симбиоза, емоционална инхибираност, ригидност, напуштање, социјална изолација, зависност, недоволна самоконтрола.

На крај, резултатите од тестирањето разлики помеѓу средношколците и студентите од албанска и македонска етничка припадност за перцепцијата на родителското однесување, покажува дека средношколците и студентите Албанци ги перцепцираат нивните родители како повеќе контролирачки од средношколците и студентите Македонци.

## Summary

The aim of this master thesis was to give answers to the next problems, studied with a sample of 184 people: do high school students and university students who perceive their parents are more controllable and less careful, less controllable and less careful show higher degree of maladaptive schemas from high school students and university students who perceive their parents are more controllable and more careful and less controllable and more careful, are there differences in the degree of expression of early maladaptive schemas between high school students and university students who are insecurely attached to their parents from those who are securely attached and are there differences between high school students and university students in the perception of parental behavior.

From the study problems, were defined 5 hypothesis and for their testing were used the statistical procedures: descriptive statistics for the perception of parental behavior, socio-emotional attachment and early maladaptive schemas, t-test for large and small groups, multiple ANOVA and Post hoc with LSD test.

The testing of the hypothesis shows that for the groups with low control/high care and high control/high care, significant expression is detected in the schemas: emotional deprivation, deffectivness/criticism, dependency, subjugation, vulnerability and enmeshment. Subjugation and emotional deprivation are higher when the paternal behavior is more controllable and less careful and enmeshment when the behavior is perceived as more controllable and more careful. On the other hand emotional deprivation is higher when the maternal behavior is perceived as low contro/high care and high control/high care and subjugation when the mother is perceived as more controllable and less carefull.

The results show that the differences between high school students and university students in the expression of maladaptive schemas are higher at high school students when the parental behavior is perceived as more controllable in the schemas: abandonment, mistrust, social isolation, criticism, vulnerability, enmeshment, subjugation, emotional inhibition, rigidity, grandiosity, lack of self-control, failure to achieve, dependence.

For the dimension care, significant differences are found in high school students in the schemas: mistrust, vulnerability, enmeshment, emotional inhibition, criticism, subjugation and lack of self-control.

When socio emotional attachment is insecure, the higher degree of expression of the early maladaptive schemas is in: emotional deprivation, mistrust, social isolation, criticism, dependency, grandiosity, enmeshment and rigidity.

The study also shows that when socio emotional attachment is insecure, differences exist in the schemas: mistrust, failure to achieve, vulnerability, enmeshment, subjugation, emotional inhibition and lack of self-control, which are higher at high school students. The secure socio emotional attachment shows differences in the schemas: mistrust, criticism, vulnerability, enmeshment, emotional inhibition, rigidity, abandonment, social isolation, dependency and lack of self- control.

The testing of the last hypothesis shows that there are differences in perception of parental behavior among Albanian and Macedonian high school students and university students, where Albanians perceive their parents as more controllable than Macedonians.

## Користена литература


Abbott, S. (1992). Holding on and pushing away: Comparative perspectives on an eastern Kentucky child-rearing practice. *Ethos, 20,* 33-65.

Ainsworth, M. D. S., & Bell, S. M. (1970). Attachment, exploration, and separation: Illustrated by the behavior of one-year-olds in a strange situation. *Child Development, 41*, 49-67.

Ainsworth, M. D. S. (1989). Attachments beyond infancy.*American Psychologist, 44,* 709-716.

Ainsworth, M. D. S., & Bowlby, J. (1991), An ethological approach to personality development. *American Psychologist, 46,* 331-341.

Alloy, L. B., Abramson, L. Y., Safford, S. M. & Gibb, B. E. (2006): The Cognitive Vulnerability to Depression (CVD) (Eds.) Во Alloy, L. B. & Riskind, H. J., од *Cognitive Vulnerability to Emotional Disorders*. Mahwah New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

Anthony, E. J. (1974). Introduction: The syndrome of the psychologically vulnerable. The child in his family: Children at psychiatric risk (pp.3-10). New York: Wiley

Anthony, E.J. (1987). Risk, vulnerability and resilience: An overview. The invulnerable child (pp.3-48). New York: Guilford Press.

Armsden, C. G. & Greenberg, T. M. (1987). The inventory of parent and peer attachment: Individual differences and their relationship to psychological well-being in adolescence.*Journal of youth and adolescents16,* 427-454.

Berk, L. E. (2006). *Child development, Seventh edition*. Pearson, Prentice hall.

Bowlby, J. (1988). *A secure base: Parent-child attachment and healthy human development*. New York: Basic Books.

Briggs, J. (1970). Never in anger. Cambridge, MA: Harvard University Press.

Bretherton, I (1992). The origins of attachment theory: John Bowlby and Mary Ainsworth. *Developmental Psychology, 28,* 759-775.

Bronfebrenbrenner, U. (1989). Ecological systems theory- Six theories of child development : Revised formulations and current issues (pp.187-249). Philadephia: Jessica Kingsley.

Campione-Barr, N. (2017). The changing nature of power, control and influence in sibling relationships (Eds). Bo *Power, control and influence in sibling relationships across development. New Directions for Child and Adolescent Development, 156,* 7-14

Campos, J., Frankel, C., & Camras, L. (2004). On the nature of emotional regulation. *Child Development, 75,* 377-394.

Cherry, K. (2013). What is Attachment Theory: The importance of Early Emotional Bonds.
http://psychology.about.com/od/loveandattraction/a/attachment01.htm

Cherry, K. (2017). The Different Types of Attachment Styles. *Social Psychology.*

Connolly, J., Furman, W. & Konarski, R. (2000). The role of peers in emergence of heterosexual romantic relationships in adolescence. *Child Development, 5,* 1395-1408.

Damon, L. & Lerner, M. R. (2008). *Child and adolescent development –An advanced course.*. New Jersey: John Wiley & Sons, Inc

Denham, S. A. (1998). *Emotional development in young children.* New York: Guilford Press

Dodge, K. A., McLoyd, V. C., Lansford, J. E. (2005). The cultural context of physically disciplining children. New York: Guilford Press.

Eder. J, D. (1985). The cycle of popularity: Interpersonal relations among female adolescents. *Sociology of education, 3,* 154-165.

Fritzhand, A. , Mirovic, T. & Hadzic, A. (2016).The relationship between perception of parenting style and early maladaptive schemas: Evidence from study of adolescents and young adults in Macedonia and Serbia.*Зборник на трудови од меѓународната конференција за Теорија и практика во*

*психологијата, 171-197* Октомври 30 – Ноември 1, 2014,Скопје: Филозофски факултет

Gençöz, T. (2012).*Early maladaptive schemas and wellbeing:importance of parenting style and other resources.* https://etd.lib.metu.edu.tr/upload/12614661/index.pdf

Grossman, K. E., Grossman, K. Huber, F., & Warntner, U. (1981). German children's behavior toward their mothers at 12 months and their fathers at 18 months in Ainsworth's Strange Situation. *International Journal of Behavioral Development, 4,* 157-181.

Hadžić, A & Mirović, T. (2015). *Afektivne vezanost, rane maladaptivne sheme is tresne iskustva.* Filozofski Fakultet. Banja Luka

Harris, A. E & Curtin, L. (2002). Parental Perceptions, Early Maladaptive Schemas, and Depressive Symptoms in Young Adults. *Cognitive Therapy and Research, 3,* 405-416

Harrison, A.O., Wilson, M.N., Pine, C.J, et al., (1990). Family ecologies of ethnic minority children, *Child Development, 61,* 347-362.

Harrison, A. O., Pettit, G. S., Dodge, K. A.,& Bates, J. E (1994). Dyadic synchrony in mother-child interaction: Relation with children's subsequent kindergarten adjustment. Family Relations: *Interdisciplinary Journal of Applied Family Studies, 43,* 417-424.

Hatchet, S. J., & Jackson, J. S. (1993). African American extendet kin system: An assessment. Bo H. P. McAdoo (Eds.), *Family ethnicity: Strength in diversity* (pp.90-108). Thousand Oaks, CA: Sage

Ijzendoorn van, H.M. (1994). Attachment in context. Kibbutz child-rearing as a historical experiment. *International Society for the Study of Behavioral Development.* https://core.ac.uk/download/pdf/15589604.pdf

Keefer, C., Dixon, S., Tronick, E.,& Brazelton, T. (1991). Cultural mediation between newborn behavior and later development: Implications for methodology in cross-cultural research. (Eds.), *Multicultural and interdisciplinary approaches to parent-infant relations* (pp.39-61). Norwood, NJ: Ablex.

Кениг, Н. (2006). *Хофстедовиот модел на димензии на културата: можности за мерење во групен и индивидуален контекст-* Докторка дисертација. Скопје: Филозофски Факултет

Kobak, R., Abbott, C., Zisk, A. & Bounoua, N. ( 2017): Adapting the changing needs in adolescents: Parenting practices and challenges to sensitive attunement. Department of psychological and brain science. University of Delaware. Newarke. www.ncbi.nlm.nih.gov

Kooranhen, E. A. & Amirsardari, L. (2015). Predicting early maladaptive schemas using Baumrind's parenting style. *Iranian Journal of Psychiatry and Behavioral Sciences, 9, 2,* http://ijpsychiatrybs.com/en/articles/952.html

Khorramdel, K., Abolghasemi, A., Rakhshani, T., Nikdast, S. & Rajabi, S. (2013). Early maladaptive schemas as predictor of adolescents runaway, *Archives of Psychiatry and Psychotherapy, 4,* 51-59

Kuczynski, L. (2003). *Handbook of dynamics in parent-child realtions.* California: Thousand Oaks.

Kuther, L. T. (2012). *Lifespan Development: Lives in contex.* edge.sagepub.com/kuther/access

Lee, C., Spencer, M. B, & Harpalani, V. (2003). Every shut eye ain't sleep: Studying how people live culturally. *Educational researcher, 32,* 6-13.

Louis, J.P. & McDonald Louis, K. (2015). *Good Enough Parenting*. New York: Morgan James Publishing.

Minuchin, P. (2002). Looking toward the horizon: Present and future in the study of family systems. Bo McHale, J. P & Grolnick, W. S (Eds.), *Retrospect and prospect in the [sychological study of families* (pp. 259-287). Mahwah, NJ: Erlbaum

Mirović, T. (2008). Povezanost percepcije roditelsjkog stila i ranih maladaptivnih shema sa anksioznošću I depresisvnošću kod adolescenata- магистерска теза. Белград: Филозофски Факлутет

Miyake, K., Chen, S., & Campos, J. (1985). Infant temperament, mother's mode of interaction and attachment in Japan. *Monographs of the Society for Research in Child Development, 50,* 276-297

McGinn, L. K. Cukor, D. & Sanderson, W. C. (2005). The Relationship Between Parenting Style, Cognitive Style, and Anxiety and Depression: Does Increased Early Adversity Influence Symptom Severity Through the Mediating Role of Cognitive Style? *Cognitive Therapy and Research, 2,* 219-242

Мурџева-Шкариќ, О. (2009). *Психологија на детсвото и адолесценцијата.* Скопје: Филозофски Факултет

Parker, G., Tupling, H., & Brown, B., (1979). Parental Bonding Instrument. *British*
*Journal of Medical Psychology,* 52, 1-10.

Pearson, J. L., Hunter, A. G., Ensminger, M. E., & Kellam, S. G. (1990). Black grandmothers in multigenerational households: Diveristy in family structure and parenting involvement in the Woodlawn community. *Child Development, 61,* 434-442

Ramires, M. III, & Castaneda, A. (1974). *Cultural democracy, bicognitive development and education.* Academic Press. New York.

Simard, V. Moss, E. & Pascuzzo, K. (2011). Early maladaptive schemas and child and adult attachment: A 15-year longitudinal study. *The British Psychological Society, 4,* 349-366

Tolson, T. F., & Wilson, M. N. (1990). The impact of two and three-generational Black family structure on perceived family climate. *Child Development, 61,* 416-428

Welburn, K., Coristine, M., Dagg, P., Pontefract, A., Jordan, J. (2002). Schema questionnaire - short form: Factor Analysis and Relationship between schemas and symptoms. *Cognitive Therapy and Research, 26,* 519-530

Whiting, J.(1981). Environmental constraint on infant practices.*Handbook of cross-cultural human development* (pp.155-179). New York: Garland STPM Press.

Young, J. E., & Klosko, J. S. (1993).*Reinventing your life*.New York: Dutton Books

Young, J. E., Klosko, J. S., & Weishaar, M. E. (2003).*Schema Therapy – A practicioner'sguide*.New York: The Guilford Press

Young, J.E. (1998). *Young Schema Questionnaire Short Form* (1st ed.). New York: Cognitive Therapy Center.

Прилози

**Прашалник за демографски податоци**

1. Возраст _______________
2. Пол        ________________
3. Место на живеење_____________
4. Ниво на образование на родителите ( заокружи едно)
    - Основно
    - Средно
    - Високо
5. Брачен статус на родителите (заокружи едно)
    - Во брак
    - Разведени

**Parental Bonding Instrument (PBI)** од ***Parker, Tupling& Brown, 1979.***

Овој прашалник содржи листа на различни ставови и однесувања кои родителите може да ги имаат во односот со своите деца. Размислете за тоа како вашиот татко се однесувал кон вас во текот на првите 16 години од вашиот живот и кај секое тврдење одбележете го оној одговор кој најдобро го опишува. Значењето на броевите е прикажано подолу.

1=Мошне наликува на татко ми (Тврдењето мошне го опишува татко ми)

2=Умерено наликува на татко ми (Тврдењето воглавно го опишува татко ми)

3=Воглавно не наликува на татко м (Тврдењето воглавно не го опишува татко ми)

4=Мошне различно од татко ми (Тврдењето воопошто не го опишува татко ми)

| Бр. | Тврдење | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ми зборуваше со топол и пријателски глас | | | | |
| 2 | Не ми помагаше толку колку што ми требаше | | | | |
| 3 | Ми дозволуваше да го правам тоа што сакав | | | | |
| 4 | Ми делуваше емоционално студено | | | | |
| 5 | Ми покажуваше дека ги разбира моите проблеми и грижи | | | | |
| 6 | Ми покажуваше љубов | | | | |
| 7 | Сакаше самостојно да донесувам одлуки | | | | |
| 8 | Не сакаше да пораснам | | | | |
| 9 | Се обидуваше да контролира сѐ што правам | | | | |
| 10 | Ја нарушуваше мојата приватност | | | | |
| 11 | Уживаше да разговара со мене за сѐ | | | | |
| 12 | Често ми се насмевнуваше | | | | |
| 13 | Имаше тенденција да ме третира како бебе | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Не ги разбираше моите желби и потреби | | | | |
| 15 | Ми дозволуваше сам/а да ги донесувам одлуките | | | | |
| 16 | Правеше да се чувствувам дека сум непосакуван/а | | | | |
| 17 | Умееше да направи да се чувствувам подобро кога сум вознемиран/а | | | | |
| 18 | Не разговараше многу со мене | | | | |
| 19 | Се обидуваше да ме направи зависен/на од него | | | | |
| 20 | Мислеше дека јас не можам да се грижам за себе доколку тој не е тука | | | | |
| 21 | Ми даваше онолку слобода колку што ми требаше | | | | |
| 22 | Ме пушташе да излегувам секогаш кога сакав | | | | |
| 23 | Премногу ме заштитуваше | | | | |
| 24 | Не ме фалеше | | | | |
| 25 | Ме пушташе да се облекувам онака како што сакав | | | | |

***Втор дел***

Овој прашалник содржи листа на различни ставови и однесувања кои родителите може да ги имаат во односот со своите деца. Размислете за тоа како вашата мајка се однесувала кон вас во текот на првите 16 години од вашиот живот и кај секое тврдење одбележете го оној одговор кој најдобро го опишува. Значењето на броевите е прикажано подолу.

1=Мошне наликува на мајка ми (Тврдењето мошне ја опишува мајка ми)

2=Умерено наликува на мајка ми (Тврдењето воглавно ја опишува мајка ми)

3=Воглавно не наликува на мајка ми (Тврдењето воглавно не ја опишува мајка ми)

4=Мошне различно од мајка ми (Тврдењето воопошто не ја опишува мајка ми)

| Бр. | Тврдење | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ми зборуваше со топол и пријателски глас | | | | |
| 2 | Не ми помагаше толку колку што ми требаше | | | | |
| 3 | Ми дозволуваше да го правам тоа што сакав | | | | |
| 4 | Ми делуваше емоционално студено | | | | |
| 5 | Ми покажуваше дека ги рабира моите проблеми и грижи | | | | |
| 6 | Ми покажуваше љубов | | | | |
| 7 | Сакаше самостојно да донесувам одлуки | | | | |
| 8 | Не сакаше да пораснам | | | | |
| 9 | Се обидуваше да контролира сѐ што правам | | | | |
| 10 | Ја нарушуваше мојата приватност | | | | |
| 11 | Уживаше да разговара со мене за сѐ | | | | |
| 12 | Често ми се насмевнуваше | | | | |
| 13 | Имаше тенденција да ме третира како бебе | | | | |
| 14 | Не ги разбираше моите желби и потреби | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Ми дозволуваше сам/а да ги донесувам одлуките | | | | |
| 16 | Правеше да се чувствувам дека сум непосакуван/а | | | | |
| 17 | Умееше да направи да се чувствувам подобро кога сум вознемиран/а | | | | |
| 18 | Не разговараше многу со мене | | | | |
| 19 | Се обидуваше да ме направи зависен/на од неа | | | | |
| 20 | Мислеше дека јас не можам да се грижам за себе доколку таа не е тука | | | | |
| 21 | Ми даваше онолку слобода колку што ми требаше | | | | |
| 22 | Ме пушташе да излегувам секогаш кога сакав | | | | |
| 23 | Премногу ме заштитуваше | | | | |
| 24 | Не ме фалеше | | | | |
| 25 | Ме пушташе да се облекувам онака како што сакав | | | | |

**Inventory of parent and peer atachment-IPPA-R** од авторите Armsden& Greenberg (1987)

Некои од следниве тврдења се за твоите чувства за твојата мајка или личноста која ја чувствуваш како мајка. Ако имаш повеќе такви личности во твојот живот (на пример, твојата мајка, твојата маќеа, баба и др.) одговори на прашањата за онаа личност која ја мислиш дека повеќе влијаела на тебе. Стави го **знакот X**под бројот кој најдобро ги опишува твоите чувства. Значењето на броевите е прикажано подолу.

1=Скоро никогаш или никогаш 4=Често

2=Не многу често 5=Скоро секогаш или секогаш

3=Понекогаш

| Тврдење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Мојата мајка ги почитува моите чувства | | | | | |
| 2.Сметам дека мајка ми добро ја изврщува својата улога | | | | | |
| 3.Посакувам да имав друга мајка | | | | | |
| 4.Мојата мајка ме прифаќа каква/каков што сум | | | | | |
| 5.Кога некои работи ме загрижуваат, сакам да го знам мислењето на мајка ми | | | | | |
| 6.Мислам дека нема потреба да ги покажуавм моите чувства пред мајка ми | | | | | |
| 7.Мојата мајка може да препознае кога сум вознемирен/а за нешто | | | | | |
| 8.Кога зборувам за моите проблеми со мајка ми, тоа прави да се чувствувам засрамено или глупаво | | | | | |
| 9.Мојата мајка очекува премногу од мене | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10.Лесно се вознемирувам кога сум покрај мајка ми | | | | | |
| 11.Се вознемирувам многу повеќе отколку што мојата мајка мисли | | | | | |
| 12.Кога разговараме, мајка ми сака да го знае моето гледиште на работите | | | | | |
| 13.Мајка ми верува на моите проценки | | | | | |
| 14.Мајка ми си има свои проблеми па не и додевам со моите | | | | | |
| 15.Мајка ми ми помага да се разберам себеси подобро | | | | | |
| 16.На мајка ми и ги кажувам моите проблеми | | | | | |
| 17.Јас и се лутам на мајка ми | | | | | |
| 18.Не добивам многу внимание од мајка ми. | | | | | |
| 19.Мајка ми ми помага да зборувам за моите потешкотии. | | | | | |
| 20.Мајка ми ме рабира | | | | | |
| 21.Кога сум лут/а за нешто, мајка ми се обидува да ме разбере | | | | | |
| 22.И верувам на мајка ми | | | | | |
| 23.Мајка ми не разбира низ што поминувам сега | | | | | |
| 24.Кога ми е тешко, можам да се потпрам на мајка ми. | | | | | |
| 25.Ако мајка ми знае дека нешто ме мачи, ќе ме праша за тоа. | | | | | |

***Втор дел***

Овој дел содржи прашања за твоите чувства за твојот татко, или личноста која претставува татко за тебе. Ако имаш повеќе такви личности во твојот живот (на пример: твојот татко, очув, дедо и др.) одговарај на прашањата за онаа личност која чувствуваш дека повеќе влијаела на тебе. Стави го **знакот X** под бројот кој најдобро ги опишува твоите чувства. Значењето на броевите е прикажано подолу.

1=Скоро никогаш или никогаш

2=Не многу често

3=Понекогаш

4=Често

5=Скоро секогаш или секогаш

| Тврдење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Мојот татко ги почитува моите чувства | | | | | |
| 2.Сметам дека татко ми добро ја извршува својата улога | | | | | |
| 3.Посакувам да имав друг татко | | | | | |
| 4.Мојот татко ме прифаќа каква/каков што сум | | | | | |
| 5.Кога некои работи ме загрижуваат, сакам да го знам мислењето на татко ми | | | | | |
| 6.Мислам дека нема потреба да ги покажуавм моите чувства пред татко ми | | | | | |
| 7.Мојот татко може да препознае кога сум вознемирен/а за нешто | | | | | |
| 8.Кога зборувам за моите проблеми со татко ми, тоа прави да се чувствувам засрамено или глупаво | | | | | |
| 9.Мојот татко очекува премногу од мене | | | | | |
| 10.Лесно се вознемирувам кога сум покрај татко ми | | | | | |
| 11.Се вознемирувам многу повеќе отколку што мисли мојот татко | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12.Кога разговараме, татко ми сака да го знае моето гледиште на работите | | | | | |
| 13.Татко ми верува во моите проценки | | | | | |
| 14.Татко ми си има свои проблеми па не му додевам со моите | | | | | |
| 15.Татко ми ми помага да се разберам себеси подобро | | | | | |
| 16.На татко ми му ги кажувам моите проблеми | | | | | |
| 17.Јас му се лутам на татко ми | | | | | |
| 18.Не добивам многу внимание од татко ми. | | | | | |
| 19.Татко ми ми помага да зборувам за моите потешкотии. | | | | | |
| 20.Татко ми ме рабира | | | | | |
| 21.Кога сум лут/а за нешто, татко ми се обидува да ме разбере | | | | | |
| 22.Му верувам на татко ми | | | | | |
| 23.Татко ми не разбира низ што поминувам сега | | | | | |
| 24.Кога ми е тешко, можам да се потпрам на татко ми. | | | | | |
| 25.Ако татко ми знае дека нешто ме мачи, ќе ме праша за тоа. | | | | | |

**Schema Questionnaire- short version (SQ-SF)**од авторите Young & Brown (1998).

Подолу се наоѓаат тврдења кои луѓето можат да ги користат за да се опишат себе си. Прочитајте го секое тврдење и одлучете колку точно тоа тврдење ве опишува. Доколку не сте потполно сигурни, одлучете врз основа на тоа што го чувствувате, а не врз основа на тоа што сметате дека би било правилно. Одберете број од 1 до 6 кој најдобро ве опишува и впишете го тој број покрај тврдењето. Значењето на броевите е прикажано подолу.

1=Сосема погрешно ме опишува 4=Умерено точно ме опишува

2=Воглавно погрешно ме опишува 5=Воглавно точно ме опишува

3=Малку повеќе точно отколку погрешно ме опишува 6=Совршено ме опишува

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Во поголемиот дел од мојот живот немав некого со кого навистина би го споделил/а животот, кој би се грижел за мене и би се интересирал за сѐ што ми се случува. | |
| 2. | Во мојот живот, воглавно, немаше никој кој би ми дал топлина, потпора и љубов. | |
| 3. | Во поголемиот дел од мојот живот не чувствував дека некому сум му посебно значаен/јна. | |
| 4. | Воглавно немав некој кој навистина би ме слушал, разбирал или би ги почувствувал моите вистински потреби и чувства. | |
| 5. | Ретко покрај себе имав некоја силна личност која би ми дала разумен совет или би ме насочила кога не сум сигурен/на што да правам. | |
| 6. | Се „фаќам“ себе си дека се лепам за луѓето кои ми се блиски од страв да не ме напуштат. | |
| 7. | Толку ми требаат блиските луѓе, што постојано се грижам да не ги изгубам. | |
| 8. | Ме загрижува помислата дека луѓето кон кои чувствувам блискост ќе заминат од мене или ќе ме напуштат. | |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Станувам очаен/јна кога ќе почувствувам дека некој кој ми значи се оддалечува од мене. | |
| 10. | Понекогаш толку се плашам дека ќе ме напушти лицето кое ми значи, што со тој страв речиси го/ја бркам од себе. | |
| 11. | Чувствувам дека луѓето сакаат да ме искористат. | |
| 12. | Чувствувам дека не смеам да дозволам да ми попушти вниманието во присуство на други луѓе, бидејќи би можеле намерно да ме повредат. | |
| 13. | Порано или подоцна некој ќе ме изневери. | |
| 14. | Воопшто немам доверба кога се во прашање мотивите на другите луѓе. | |
| 15. | Вообичаено ги барам скриените намери на другите луѓе. | |
| 16. | Не се вклопувам меѓу другите луѓе. | |
| 17. | Суштински сум поинаков/ва од другите луѓе. | |
| 18. | Никаде не припаѓам, јас сум осаменик. | |
| 19. | Се чувствувам отуѓен/а од луѓето. | |
| 20. | Секогаш се чувствувам како да сум надвор од групата. | |
| 21. | Ниту една жена/маж не би можел/а да ме сака доколку ги отркие моите лоши страни. | |
| 22. | Никој кој би посакал/а не би сакал/а да остане со мене ако навистина ме запознае. | |
| 23. | Не сум вреден/на за љубовта, вниманието или почитта на другите луѓе. | |
| 24. | Се чувствувам како личност која е невозможно да ја сакаат. | |
| 25. | Мојата суштина е премногу неприфатлива за да им ја отркријам на другите луѓе. | |
| 26. | Речиси ништо не правам (на училиште, факултет) толку добро како другите. | |
| 27. | Кога е во прашање училиштето, факултетот, работата, не постои ништо во што би можел/а да постигнам успех. | |
| 28. | Поголемиот број луѓе се поспособни од мене и можат повеќе да постигнат во работата, учењето. | |
| 29 | Јас не ги поседувам талентите кои поголемиот број на луѓе ги имаат за | |

| | | |
|---|---|---|
| . | професијата што ја одбрале (ја работат). | |
| 30. | Кога е во прашање работата, училиштето, факултетот не сум интелигентен/на како повеќето луѓе. | |
| 31. | Не сум способен/на самостојно да се снаоѓам во секојдневниот живот. | |
| 32. | За себе мислам дека многу зависам од другите кога е во прашање секојдневното животно функционирање. | |
| 33. | Ми недостасува чувството на здрав разум. | |
| 34. | Не можам да се потпрам на своето расудување во секодневните животни ситуации. | |
| 35. | Не верувам во својата способност да ги решавам секојдневните проблеми кога ќе се појават. | |
| 36. | Изгледа дека не можам да се ослободам од чувството дека ќе се случи нешто многу лошо. | |
| 37. | Имам чувство дека некоја страшна катастрофа (природна, финансиска, здравствена) може да се случи во секој момент. | |
| 38. | Ме загрижува дека некој или нешто би можел/о ненајдено да ме нападне. | |
| 39. | Ме загрижува дека може да ми се случи да останам без пари и да западнам во тешка сиромаштија. | |
| 40. | Ме загрижува дека кај мене се развива некоја тешка болест, иако лекарите ништо не ми нашле. | |
| 41. | Не сум во состојба да се одделам од родителите онака како што тоа го направија другите луѓе на мои години. | |
| 42. | Моите родители и јас сме претерано вклучени едни на други во нашите животи и проблеми. | |
| 43. | На моите родители и мене ни е многу тешко да задржиме за себе некои интимни детали од сопствените животи без притоа да чувствуваме вина. | |
| 44. | Често чувствувам како моите родители да живеат преку мене и како да немам сопствен живот. | |
| 45. | Често чувствувам као да немам идентитет одделен од моите родители или од партнерот/партнерката. | |
| 46 | Мислам дека ако го направам тоа што сакам да направам, ќе | |

| | | |
|---|---|---|
| . | предизвикам проблеми. | |
| 47. | Чувствувам дека мора да попуштам пред желбите на другите луѓе, затоа што во спротивно би можело да ми се одмаздат или да ме отфрлат. | |
| 48. | Во односите со луѓето секогаш дозволувам другата страна да го има последниот збор. | |
| 49. | Секогаш дозволувам другите да однесуваат одлуки наместо мене, така што не ни знам што јас навистина сакам. | |
| 50. | Многу ми е тешко да се борам за своите права и да барам моите чувства да се земаат во предвид. | |
| 51. | Секогаш испаѓа дека јас ја преземам грижата и одговорноста за луѓето со кои ќе се зближам. | |
| 52. | Јас сум добра личност, бидејќи повеќе мислам на другите отколку на себе. | |
| 53. | Толку сум ангажиран/а околу другите луѓе, што воопшто немам време за себе. | |
| 54. | Секогаш бев оној/онаа кој/а ги слуша проблемите и жалбите на другите. | |
| 55. | Луѓето околу мене мислат дека премногу правам за другите, а премалку за себе. | |
| 56. | Премногу сум срамежлив/а за да покажам позитивни чувства кон некого. | |
| 57. | Непристојно ми е да покажувам чувства кон другите луѓе. | |
| 58. | Тешко ми е да бидам спонта/а или отворен/а. | |
| 59. | Толку се контролирам што другите мислат дека сум бесчувствителен/на. | |
| 60. | Луѓето ме сметаат за емоционално инхибирана личност. | |
| 61. | Морам да бидам најдобар/ра во повеќето од работите кои ги правам и не можам да прифатам да бидам речиси најдобар/ра. | |
| 62. | Секогаш се обидувам да го направам нештото најдобро што можам и не можам да прифатам да направам нешто „доволно добро“. | |

| | | |
|---|---|---|
| 63. | Морам да ги исполнам сите мои должности. | |
| 64. | Чувствувам дека сум под константен притисок нешто да постигнам или да завршам. | |
| 65. | Не можам да најдам оправдување за своите грешки. | |
| 66. | Кога нешто сакам од другите луѓе, многу тешко прифаќам одбивање. | |
| 67. | Јас сум посебен/на и затоа мене не би требало да важат ограничувањата кои важат за другите луѓе. | |
| 68. | Мразам кога ме ограничуваат или не ми даваат да го правам тоа што сакам. | |
| 69. | Чувствувам дека не би требал/а да се придржувам до нормите и конвенциите кон кои се придржуваат другите луѓе. | |
| 70. | Чувствувам дека тоа што јас го нудам вреди повеќе од придонесот на другите луѓе. | |
| 71. | Не можам дисциплинирано да поднесувам рутина или здодевни задачи. | |
| 72. | Ако не можам бргу да постигнам некоја цел, лесно се фрустрирам и откажувам. | |
| 73. | Многу ми е тешко да го жртвувам непосредното задоволство за да можам да постигнам долгорочна цел. | |
| 74. | Не можам да се присилам себе си да направам нешто што не сакам, дури и кога знам дека е тоа за мое добро. | |
| 75. | Ретко успевам да се држам до своите одлуки. | |